**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јуни 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и г-да пратеници, продолжуваме со работа по 51-та седница на Собранието на РМ.

Пратеничката Радмила Шеќеринска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам, како што е вообичаено притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на Закон за Владата на РМ.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата прво, би сакал да истакнам дека овој закон треба да го поддржи Парламентот како дел од реформите, од системските закони. За разлика од другите два закони тоа е Законот за органите на државната управа и Законот за државните службеници, овој закон спаѓа во редот на т.н. нормативно - технички и деловнички закони и сигурно ги разработува одредбите од Уставот на РМ, каде особено во членовите во Главата за Владата на РМ, каде изрично е кажано дека Владата е носител на извршната власт.

И од тој аспект не би требало да има никакви проблеми но, јас би сакал пред пратениците да истакнам еден друг проблем кој би требало ние со овој закон, а врз основа на решенијата од овој закон кои ќе бидат вградени во Деловникот, кој треба да го донесе ова Собрание, да ги регулираме односите меѓу Владата на РМ и Собранието на РМ, за да не доаѓаме до оние ситуации во кои и на вчерашната седница дојдовме, кога одредени пратеници укажуваа дека дури ниту надлежниот министер не го удостои Собранието со уводно излагање, па имаше забелешки, ниту премиерот кога се работи за многу важни и битни реформи. Тоа е оној едниот дел. И другиот многу важен дел е оној дел во кој често се соочуваме со нефункционирање на Парламентот, тоа е присуството на министрите на Владата на РМ и во оној дел кога предлагачи се други освен Владата. И во овој дел сигурно и претседателот на Собранието како прв меѓу еднаквите овде врз основа на своите и јавно искажани определби за работа на овој Парламент, иако во целост не можеше да ги спроведе со своите стручни служби, во втората фаза би требало да дадат голем придонес како би створиле услови во Деловникот. Конкретно за што би имал одредени забелешки. Тоа е пред се делот на законот во кој зборува за односите на Владата со Собранието на РМ, тоа е членот 26 од Законот, во кој во ставот 1 јасно и децидно е кажано дека Владата ги остварува односите со Собранието во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот, со Закон и Деловник.

Тоа е во ред, но ставовите 2 и 3 во кои продолжува и мислам дека во никој случај не би требало да остане наместо да го разработува во една позитивна смисла предлагачот во една негативна конотација зборува: Владата не му дава мислење на Собранието за прашањата кои не се во нејзина надлежност. Наместо ставот да гласи, Владата е должна на Собранието да дава мислења по предлози и во рокови во кои кога се други овластени предлагачи, Владата зборува во негативна конотација и уште понатаму зборува: Владата нема да даде одговор на пратеничко прашање, кога тоа се однесува на прашањата кои не се во рамките на нејзини права и должности. Баш треба обратно: Владата е должна во рок од 15 дена од примање на пратеничко прашање да го извести пратеникот и слично и да ги разработува сите оние односи. Или членот 27, кога ги регулира односите кога Владата ќе покрене пред Уставниот суд во однос на согласување и кон Собранието ќе одземе одредени надлежности на Владата.

Сметам дека овие одредби баш во оваа расправа и Владата и Парламентот треба да ги регулираат не само за овој Парламент, не само за претседателот на ова

Собрание, туку и за во иднина на сите Парламенти. Тоа е основниот дел во кој би сакал да укажам на уставните надлежности меѓу Владата и Собранието како ние би можеле понатаму во Деловникот да ги до разработиме. Тоа е оној најбитниот дел. Има уште неколку битни забелешки. Со овој закон се воведува и функцијата која Уставот не ја познава, тоа е заменик на претседателот на Владата, или досегашните потпретседатели. Тоа е во ред. Но, во натамошната разработка и во втората фаза сигурно треба да стои во членот кој го регулира тоа бројот на замениците на претседателот се одредуваат со одлука на Владата во која би имало флексибилност во делот на бројот како што е решено со потпретседателите на Собрание. И сигурно врз основа на политичкиот тренд колку што има коалициони партнери толку би имало и потпретседатели  Владата на РМ. Тоа е во делот што се однесува за замениците. Има одредени забелешки кои во работните тела беа истакнати, јас посебно не ги потенцирам. Тоа е во делот за работењето на Владата, седниците во принцип тонот на кој нормативното регулирање во кој се зборува дека седниците на Владата се затворени за јавноста, мислам дека би требало да биде преформулирано во кои случаи и во кои делови. И имате одредени определби во овој закон кој зборува во делот што би требало да се доработи, тоа е кој може да ги претставува Владата по овластување од страна на претседателот, на предлог на министерот во работните тела. Законот го регулира тоа дека би можело определени овластени државни службеници ќе ја претставуваат Владата. Сметам дека треба да се доработи барем до ранг на раководни работници, за да не доаѓаме во состојба во работните тела да го намалуваме значењето не потценувајќи ги државните службеници, но би требало рангот на оние државни службеници кои ќе ги застапуваат владините проекти и закони во работните тела да бидат барем во ранг на раководни работници. Со овие забелешки кои во втората фаза сметам би требало да се поддржи законот за Владата. И последно укажување овој став ви го пренесов дека покрај моето гледање е и ставот на пратеничката група на СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Алексадар Гештаковски за конструктивните укажувања за подобрување на текстот на законот кој што патем речено кореспондираат и со моите гледања  во врска со тоа.

Има збор г-динот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, претставници на владата, јас би го изнел ставот на пратеничката група на ДА кој што е следниот.

Начелно ние го поддржуваме предлогот за донесување на Законот за Влада, со тоа што секако во оваа фаза имаме некои сугестии, модификации што сакаме да ги предложиме во функција на подобрување и на текстот и на она што е основно, содржината на законот.

Во Главата II каде што е членот 9 сметаме дека надлежностите на Владата како еден од суштинските работи на законот, кој што ги дефинира надлежностите на Владата треба да се усвои членот 9, а не алтернативата која е дадена во овој предлог на текст. Со оглед дека алтернативата на членот 9, која што содржи 37 ставови. Понатаму таксативно одредува одредени надлежности на Владата, меѓутоа со ваков приод сметаме дека тие се многу прецизни и можат да се испуштат некои работи што Владата треба да има надлежности на истите. Сметаме дека прва алтернатива, или понудениот основен текст на членот 9 со 11 поопшти и пошироко по поим на дефинирање на надлежностите и функциите се по прикладни за еден ваков закон.

Сметаме дека треба текстот малку да се модифицира во функција на пример на членот 9, каде Владата се става во функција на испитување на уставноста и законитоста. Провејуваат едни формулации каде што сметаме, со оглед на првиот член и преамбулата дека нормално, Владата работи, во согласност со Уставот итн., нема потреба да се повторуваат такви работи, како на пример Владата укинува или поништува прописи и друг општ акт донесен од министерствата и другите органи на државната управа, кој не е во согласност со Уставот и е во спротивност со закон. Сметаме дека таквиот приод би требало да биде поинаку даден, едноставно се знае дека Владата треба да ги верификува одлуките на своите министерства и ќе води сметка за уставноста и законитоста.

Понатаму, во главата IV, Претставување и пренесување на овластување, во извесна мерка сметам дека, и претходниот дискутант се осврна на ова прашање, сега уште по децидно, во членот 17 вели, претседателот на Владата од редот на министрите

определува заменици. Мислам дека тука е направена грешка и треба да стои "заменик", бидејќи само еден може да биде заменик на претседателот на Владата.

Понатаму, во делот од забелешките се поклопува и нашиот став на членот 26, каде што во главата VI, Односи на Владата со Собранието, сметам дека тука треба малку да се елаборира. Се знае каква е позицијата и односот кон Собранието и според Уставот и сметам дека со една ваква формулација со ставот 2 и 3 се изместува балансот што е веќе даден и дефиниран во Уставот и ние конкретно на пример не би оделе во правец да се иземат овие права на членот 26, туку би предложиле текстот да биде афирмативен, а не негаторски. Еве, ќе прочитам една реченица. Во ставот 2 вели: Владата не му дава мислење на Собранието за прашања кои не се во нејзина надлежност.

Ние предлагаме да стои: "Владата му дава мислење на Собранието за прашања кои се во нејзина надлежност". Впрочем, што не во надлежност на Владата тоа е многу широк поим. Ако стои вака формулиран како што го предлагаме ставот 2, тогаш Владата се обврзува да му дава мислење на Собранието и тогаш точно е дадена онаа позиција што е дадена и според Уставот. Слично е и во ставот 3, каде што вели Владата дека нема да даде одговор на пратеничко прашање итн., а ние предлагаме да стои: "Владата дава одговор" или уште посилно кажано, "Мора да дава одговор на пратеничко прашање, за она што е во рамките на нејзините права и надлежности".

Исто така, во членот 27 став 1 е малку изместено и тука треба да се размисли за подобри формулации, во однос на позициите што претходно ги спомнав.

Во главата VII, Односи на Владата со претседателот на Републиката, тоа е еден член 28, меѓутоа, со оглед на досегашните несогласувања во изминатиот период, разни толкувања, па и од експерти кои се во сферата на правните науки и законодавството, се јавува еден гаф кој што не е покриен во однос на извршната власт за ингеренциите на претседателот на Републиката и Владата.

Од тие причини, во ред е овој член 28, немаме некои забелешки, меѓутоа, сметаме дека без оглед што е надвор од точката на дневниот ред, треба да се подготви еден Закон за претседателот на Републиката, така што со тоа би се дефинирале одредени работи и на тој начин не би имале различни толкувања или преклопувања или недефинирани разграничувања на ингеренциите на претседателот на државата, а во однос на она што се надлежностите и правата на Владата.

Во главата VIII, Односи на Владата со министерствата, другите органи на државната управа и органите на локалната самоуправа и Градот Скопје, имаме забелешки на овој наслов. Владата ако е составена од министерства, какви се тие односи на Владата со министерствата? Мислам дека насловот во оваа Глава е изместен од она што би требало да биде на некој начин формулирано поинаку. Ги имаме информациите дека комисиите барале подетално објаснување на функцијата генерален секретар на Влада. Во вториот, односно третиот закон од овој пакет закони, се спомнува таква функција генерален секретар на Влада, Собрание, Врховен суд, Уставен суд итн., на неколку клучни институции во системот на државата, меѓутоа, сметаме дека треба подобро да се објасни која е таа функција генерален секретар и што значи тоа, а особено во објаснувањето и на релациите што значи дефинирање на државен секретар. Во таа смисла сметаме дека треба да се до прецизираат функциите, односно содржината на оваа глава VIII, односно членот 42 што значи тоа генерален секретар, со опис на функциите, како не би се довеле во практиката при спроведувањето на овој закон до некои несакани состојби, заради некои не прецизности на овие поими да имаме проблем во функционирањето на власта.

Конечно, има една дискрапанца во членот 43 Глава XIII, Секретаријат, служби и други служби на Владата со Глава XIV, Преодни и завршни одредби. Јас ќе прочитам, јасно е, но колку заради укажување до Министерството што го подготви односно до предлагачот, каде во членот 43 став 1 вели: За вршење на определи стручни работи се основа "Секретаријат за законодавство на

Владата" што е в ред. Понатаму, во членот 48 во Преодните и завршните одредби се вели: "По истекот на три години до денот на почетокот на примената на овој закон, Секретаријатот за законодавство ќе продолжи да работи како самостојна стручна служба на Владата или како орган во состав на Министерството за правда". Овие два члена не кореспондираат и во однос на бројот на годините и во однос на ова што е кажано, па би замолил тоа да се има предвид при пречистувањето на текстот, кога ќе дојде во онаа фаза за донесување.

Со тоа би завршил. Потенцирам уште еднаш една пратеничката група на Демократската алтернатива, ќе го поддржи Предлогот за донесување на закон и се надеваме дека Владата ќе постапи по сугестиите и предлозите што ги дадовме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Радомир Карангелески за учество во расправата.

Има збор потпретседателот на Собранието господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитуван господине претседателе, дозволете ми во свое име и во името на ВМРО-ДПМНЕ да го изразам ставот и нашето мислење и начелниот став дека ќе го поддржиме овој закон и од кои причини.

Предложениот закон за Владата е распореден во 14 глави. Општиот дел и основните одредби не сакаме да ги коментираме. Надлежноста на Владата треба да се оцени посебно и моите претходници говореа во однос на овие одредби. Едните мислења дека треба да се прифати алтернативата, другите го поддржуваа текстот. Се одеше со свое видување дали се многу прецизирани или не правата на Владата. Меѓутоа, мислам дека последната одредба и во едниот и во другиот дел, каде се вели: "врши и други работи утврдени со закон", кажува дека Владата покрај она што се нормира во овој закон, врши и други работи кои се дадени со закон и Устав.

Јас не сум за крути закони, меѓутоа, воведување на два дела во овој закон, на предложениот текст и алтернатива, зборува дека и самите подготвувачи на овој закон и ставот на Владата се уште не е категоризиран, па предлагаме да се определат за една средна варијанта која ќе ги има за одредување дали попрецизно или основните овластувања кои произлегуваат или се задолжени со Уставот и законот. Сега веднаш доаѓа кога ќе говориме за односите на Владата, таму се овластувањата кои ќе треба Владата да ги извршува, што значи општата одредница од последниот став и на алтернативниот и на предложениот дел им го дава ова право.

Во однос на Главата III, Права и должности на претседателот и членовите на Владата, ние не го оспоруваме тоа дека тоа се права и должности кои се одредени со законот и Уставот. Кога доаѓа прашањето за начинот на работата на Владата, во ВМРО-ДПМНЕ сметаме дека, а и мое лично мислење и мислење на ЗПК дека треба да се прифати алтернативата, во случај кога Владата одлучува и се еднакви резултатите од гласањето, предност да се даде на претседателот на Владата, неговиот глас да биде пресуден при донесувањето на одлуката што тој ќе ја застапува, што значи за ВМРО-ДПМНЕ и за нас е прифатлива алтернативата.

Не е неспорно и за нас, како и за двајцата други колеги кои говореа, дека одредбите за односот на Владата со Собранието, првиот став на член 26 воопшто не е спорен, тоа е генерална одредница и Владата како извршна власт во државата е должна да соработува и да има контакти со Собранието. Меѓутоа, ставот 2 и ставот 3 и точките 2 и 3, без разлика како ќе ги крстиме, тие говорат за една негаторска работа дека Владата не е должна. Вообичаено во сите закони се пропишува што е должност. Сметам дека во наредниот текст кој ќе ни го предложи Владата треба да се позабави со посебната содржина и значењето на овие одредби и да ги прими овие забелешки, значи да се даде позитивната, а не негативната конотација на овој текст.

Односот со претседателот на Република Македонија, Владата треба во принцип да остварува однос на органите односно на властите и сега и

претседателот на државата е еден вид извршна власт, па тие ќе треба да си ги уредат со посебни овластувања и договори. Ако не постои соработка меѓу овие две извршни власти, мислам дека не би било пожелно за една држава, па и за Македонија.

Односите на Владата, министрите и другите органи на државната управа, единиците на локалната самоуправа, не можат да се изместуваат од локацијата на локалната самоуправа и од другите закони што се дадени во овластувањата на министрите и другите органи кои се предвидуваат со новиот закон за органите на управата.

Во однос на застапништвото на претставниците на Владата пред овој дом, апсолутно стојам на мислењето што го кажаа и моите претставници дека за достоинство и снага на проектите кои ги предлага и Владата и Собранието ги донесува, треба да бидат соодветно застапени, па сум на мислење - она што беше конструктивно кажано и тоа го прифативме во ЗПК, а кажано од колегата Гештаковски - го поддржувам во целина и како негов став и како став на ЗПК.

Во однос на Главата IX, Права и должности на Владата во остварувањето на одбраната на Република Македонија, стабилноста и одбраната на државата е една од основните компоненти во постоењето на една држава, и практикувањето на правото и државноста е стабилноста, како внатрешна, така и надворешна и сметам дека ова треба да биде на поголема височина, без оглед како и на кој начин е озаконето или е предложено да биде како правило на игра.

Актите на Владата се производ од уставното решение, каде им се дава можност Владата да може да одлучува. Тоа тука се повторува и јас не би имал никакви забелешки. Меѓутоа, кога станува збор за обезбедување на извршување на одлуките на Уставниот суд на РМ од страна на Владата, јас сметам дека треба да има многу поголема обврска од страна на Владата да ги извршува овие судски одлуки, затоа што одлуките на судовите се апсолутна гаранција за постоење на една правна држава.

Генералниот секретар на Владата се предвидува да има свои овластувања и организација на стручната служба во Владата. Сметам дека со Деловниот тоа ќе биде по прецизирано, а овде решението е генерално и за мене прифатливо.

Другите забелешки што се изнесоа, посебно од г. Карангелески, дали ќе има еден преоден период – "Стручната служба во Министерството да премине во Министерството за правда", јас мислам дека тие размислувале дека им е потреба оваа служба да помине во Министерството за правда, како би се комплетирала целата правна служба и дали сега е во Министерството и еден дел во Владата, тие треба да соработуваат. Веројатно практиката ќе покаже зошто овој предлог е таков и зошто се предвидува рок од 3 години. Инаку, да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи со гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Стојановски за дадените сугестии на законот.

Има збор господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, овој закон е како знаеме е еден од трите закони со кој се врши едно реформско уредување на оваа област на извршната власт, државната администрација и нашата пратеничка група на ЛП посвети доста внимание, вклучувајќи ги точно одредбите и конструкцијата на овој закон.

Веднаш сакам да кажам дека во основа ние го поддржуваме донесувањето на овој закон и така ќе гласаме. Меѓутоа, и некои сугестии би дале во втората фаза, кога ќе се подготвува предлогот кој треба да го изгласаме, за тоа да се води сметка.

Мислам дека добро е даден првиот член што опфаќа овој закон. И натаму ќе дадеме сугестии каде или се дуплираат повикувањата или не се доследно изведени или се претерани. Во овие основни одредби во членот 3 се зборува дека Владата ја избира и разрешува Собранието на Република Македонија со мнозинство на гласови на сите пратеници. Мислам дека овој член треба да опфати и малку подлабоко да ја обработи целата таа проблематика. Мислам дека е важно да се обрне внимание и да се обработи начинот на престанување на функцијата на Владата. не можеме после надвор од законот некои работи да применуваме, ако не ги запишеме сега. Сега е време да ги запишеме. Мислам

дека треба да кажеме - фактички Владата со оваа одредба вака како е поставена е идентификувана и поистоветена со некој поединец кој се избира и разрешува, се именува и се разрешува. Владата е нешто поинаку. Тука може да стои дека Владата ја избира Собранието на РМ, но треба да стои и тоа дека мандатот на Владата престанува со оставка, со изгласување на недоверба на Владата, со оставка на премиерот на Владата или со престанок на животот на премиерот, или ако стане неспособен да ја врши таа функција. Тоа треба прецизно да се обработи во законот кога престанува мандатот на Владата и треба да стои дека Владата ја врши својата функција до избирање на нова Влада. Тоа што се знае, ако не стои во законот, не е доволно да се знае. Мора да стои, ние нема да имаме друг закон за Влада, овој закон ќе биде и затоа тие работи во основните одредби треба добро да се постават. Третиот став е в ред, но во четвртиот став стои односно тука се дава дел од надлежностите кои потоа се утврдуваат во посебен член и пак некои од тие надлежности се споменуваат, се дуплираат работите. Потребно е целиот член 4 уште еднаш да се погледа дали е потребен ваков, бидејќи ставот 2, втората точка од членот треба да стои како четврта точка во членот 3, каде всушност се вели дека Владата ја избира Собранието и пред него одговара.

Понатаму, кај надлежностите на Владата ние мислиме дека е попотребно и дека е подобро речено во алтернативата каде што се поцелосно дадени, затоа што во преамбулата на членот 9 во првиот став е многу понезгодно дадено – "Владата покрај надлежностите утврдени со Устав ги врши и следните работи". Произлегува дека Владата со овој закон си презема некои работи кои не се утврдени со Устав. Всушност, не се утврдени во оној член на Уставот каде се точно распоредени поединечни надлежности, но таму стои дека може да има и други надлежности. Затоа, мислам дека алтернативата која ги опфаќа сите надлежности што со овој закон и се даваат на Владата, а се во согласност со Уставот има поцелосно и покомплетно решено прашање.

Правата и должностите на претседателот и членовите на Владата - мислам дека претседателот има право да поднесе оставка, тој да поднесе оставка. Ако тој поднесе оставка, политички тој не ги нарушува условите пак да добие мандат, а сака целата Влада да ја смени. Тоа го има во демократските земји, постои, а со неговата оставка фактички паѓа Владата, а може тој да не може да го добие мнозинството на Владата, Владата да поднесе оставка, треба тој да ги поднесе оставка и тој да има право да поднесе оставка и да издејствува формирање на нова Влада, така како тој сака да ја промени Владата. Тој институт ние не сме го практикувале, го немаме, но во западните земји постои и можеме да го утврдиме, корисен е, тој се користи.

За претставувањето и овластувањето веќе стана збор. За начинот на работа нема тука. Сега за односите на Владата со Собранието. Односите на Владата со Собранието по наше мислење не треба да се уредуваат со закон за Владата. Владата е сепак орган кој Собранието го избира. Ако правиме ние - само не сме ветиле во Уставот дека ќе правиме Закон за Парламент, иако имаше такви идеи - ако правиме еден ден Закон за Парламентот, таму тие работи треба да е уредат, па и односите со Владата, не со законот за Владата да ги уредуваме односите на Владата со Парламентот. Тоа е неприродна работа и така не може да остане. Ако немаме инструмент, Закон за Парламент, тогаш тие работи треба да се утврдат со Деловникот на Собранието, а Владата да даде мислење по тој Деловник и нејзините предлози, доколку се во согласност со духот на Уставот, словото на Уставот и духот на парламентарниот живот, да бидат усвоени. Така, со акт на Собранието за Собранието, треба да бидат објавени односите на Собранието и Владата, а не со актот на Владата.

Што е однесува до односите на Владата со претседателот на Републиката, тука е многу штуро дадено. Првата точка е непотребна.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Што се однесува до односите на Владата со претседателот на Републиката, тука е многу штуро дадено. Првата точка е непотребна, се разбира, се остваруваат сите односи во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот и законот, а во втората скоро ништо не се кажува.

По мое мислење тука треба да се разработи, а можеби е подобро да се разработи во Законот за Претседателот целата постапка околу доделување на мандатот. Сега при враќање на мандатот и кај Владата каде со оставка и престанува мандатот, а врши функција до избор на нова Влада, потребно е кога се изгласува доверба во тој момент претседателот на Владата е должен да даде оставка, тоа да се

разработи, кај нас тоа не е разработено, го враќа мандатот на претседателот на Државата. Тоа не е разработено.

Целата постапка со мандатот, кога мандатот се добива, а кога мора да биде вратен. Во закон не сме го разработеле, мора да има една комплетна логика почеток и крај да се знае еден процес како функционира, како функционира претседателот и целото постапување со избор на Влада. Затоа мислам дека односите на Владата со претседателот на Републиката од овој закон треба да отпадне, а има зошто и што да се обработи. Веројатно во Законот за Претседател. Тогаш ќе ги зајакнеме изворните уставни функции и на претседателот и на Владата. Нам ни се случува, ние многу ги поедноставуваме работите. Кога се менува, се менува повеќе од една третина од Владата. Во Уставот стои дека се повторува постапката, но овде е истолкувано кај нас од правниците дека повторување на постапката е само гласањето во Парламентот, а не и враќање на мандат, доделување на мандат на премиерот, правење Влада, составување, предлагање цел состав на Владата. Што се случува? Премиерот предлага цел состав на Влада, а пред тоа за предлагање на цел состав на Владата секогаш се добива мандат. Тој не добил мандат за тој состав на Владата, добил мандат за некој претходен состав на Влада. Тоа со деловничко толкување го истеравме, но во светот не е така. Никаде не се постапува на тој начин. Затоа тој дел на мандатот и да кажам прицврстување на уставните функции на секој од овие институции кои ги имаме треба да се види од овде да се брише оваа глава за односите на Владата со претседателот, а да се обработи во Законот за Претседател, таму му е местото а таму не е обработено.

Тоа се нашите главни забелешки.

Ова околу еден заменик или повеќе заменици. Тоа многу го разгледувавме, мислиме, тоа всушност беше духот кога потпретседатели со претходниот Закон за Влада се согласивме да има, иако во Уставот не се спомнува, туку како внатрешна организација на работата на Владата. Бидејќи со овој закон тоа се уредува, овде се напушта функцијата потпретседател и се овозможува наместо потпретседатели, Владата да има заменици претседатели и тие заменици претседатели да не ги бира Владата туку да ги одредува, избира или именува претседателот на Владата. Така јас ја разбирам сегашната конструкција во овој закон. Ние поддржуваме такво решение. Ако не сме се разбрале, затоа велам ова се закони кои многу влијаат на конструкцијата на Државата, на нејзината функционалност, на законитоста и уставноста во нејзиното делување и потребно е овде да има воведно излагање од премиерот. Ова е многу важна работа. Бидејќи сега го немаше за овие три закони, очекуваме премиерот да настапи кога ќе дојдат во фаза на Предлог-закон овде да го гласаме.

На тие работи треба да се даде одговор и да ви кажам многу е значајно и за Владата на тој начин да се изелаборира дека овде се работи за многу важни реформски зафати, кои ќе ја зацврстат целокупната градба на државата, Тоа е многу значајно. Тоа треба да се опфати во едно излагање, кое ќе си остави трага овде во овој Парламент, а и во државата. Тоа е така, ова не се закони како било кои, ние имаме и такви Закони, измени и дополнувања на ова на она, но тие се помали, па и за такви работи имаме воведни излагања. Ова е многу важно и по мое мислење ова е крупен чекор што оваа Влада го прави. Нема зошто да се страми. Ова е крупна работа и треба тоа да го направат.

Еве, овие забелешки и сугестии ги имаме и мислиме дека е можно тие да фатат место во вториот дел од оваа расправа, нашите општи забелешки на овој начин се искажуваат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Стојан Андов, за дадените сугестии.

Јас мислам дека Владата ретко кога има вака конструктивни забелешки по еден текст на Закон и верувам дека ќе го побара стенограмот од сите дискусии што во секоја дискусија имаше конкретни, добронамерни сугестии и забелешки и дека сигурно тоа ќе биде вградено во текстот што ќе го добиеме за наредната седница.

Збор има г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас ќе се согласам со претходниот дискутант дека се работи прво за многу значаен закон.

Второ, законот генерално е добар, меѓутоа во оној дел на кој посебно апелираше дека сите поединости со кои во својата досегашна веќе десет годишна работа ова Собрание се судрило како своевидна пречка во натамошното остварување и реализација на функцијата дали на Собранието или на Владата ќе треба

прецизно да бидат надоградени во овој Закон.

Ова го зборувам од причина што постојано во период пред избор на Влада или по избор заради одредени уставни недоречености, меѓутоа и недоречености кои постојат во постојната законска регулатива имаме предмет на различно толкување на една иста законска материја. Мислам дека тоа нешто не треба да се дозволи. Овој закон не ја дава прецизноста во одреден дел на решенија кои се нудат.

Прво, сакам да спомнам да речеме избори на заменици министри, односно односот Собрание и Влада. Се вели дека Собранието ја избира Владата со мнозинство на гласови што е нормално и пракса на досегашната работа на овој Парламент и на сите други. Меѓутоа, обично и не секогаш замениците министри се избираат на иста влада кога се избираат и министрите. Заменик министрите се бираат или на повеќе седници или се бираат на една седница. Остана до крај нерасчистено или тема на обработка на Деловникот на Собранието, што сметам дека не треба да биде, туку треба да биде предмет на обработка токму на овој закон, дали замениците на министрите се бираат во пакет или се бираат поединечно. Ова го зборувам од причина....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓа Марковска да ве прекинам, во овој закон воопшто не се предвидуваат заменици министри. Ние имаме сосема нова поставеност, се бараат државни секретари, така што мислам дека вредеше да се дискутира при измени и дополнувања на стариот закон.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Да, меѓутоа, тука се вели заменици, без да се обработи дали замениците се на Влада или заменици на премиерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Замениците си се во внатрешната организациона структура на Владата, мислите на заменици на премиерот?

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не, заменици на премиерот, а овде стои претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици. За кого се однесуваат замениците за претседателот или за министрите. Мислам дека за мене останува нејасно и сметам тоа треба до крај да остане. Собранието ги бира замениците, меѓутоа, со кое мнозинство ги избира, дали ги избира на поединечна седница, дали ги избира во пакет, бидејќи замениците министри не се нова Влада, туку ги избира со поединечен акт, сметам дека тоа не треба да биде предмет на обработка на Деловникот на Собранието. Тоа е сепак дел од Владата. Треба тој термин да се разјасни.

Исто така за мене остана друг неразјаснет дел кој претставува, бидејќи беше предмет на обработка и на Уставната комисија во првиот состав што и како станува со чинот на интерпелација кој претставува чин на демократско изјаснување на Собранието по повод работата на еден јавно избран функционер, без оглед дали е избран од Собранието.

Може да се случи хипотетичка состојба, затоа што ова Собрание не се судрило во својата работа еден министер избран на Владата не ја добие довербата на Собранието. Што тогаш се случува. Дали значи дека Владата дефакто ја изгубила довербата во парламентарното мнозинство или не значи, согласно моето толкување како што е до сега не мора да значи, меѓутоа, дали претседателот на Владата има обврска да избере нов, заради тоа што тоа е до крај нерасчистена тема, ниту ја има во Уставот, ниту ја има во нашиот Деловник, ниту ја има во овој Закон. Самиот механизам на интерпелација постои и се вели, интерпелација е можна не само на работата на целата Влада туку и на секој министер поединечно. Сметам дека ова се неразрешени прашања кои во новиот текст на Законот кој ќе го добиеме, треба до крај да бидат расчистени за да не бидат предмет на различни толкувања. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата Ѓулистана Марковска за укажувањата.

За збор се јави г. пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ви благодарам г. претседателе по ова излагање од колешката Марковска, би сакал да почнам веднаш со членот 17 каде што се зборува за заменици. Колку го разбирам овој текст станува збор за заменици на претседателот на Владата. Ако на тоа се мисли, би било добро да биде наведено во текстот дека определува заменици на претседателот.

Мојот личен став по однос на заменик на претседател на Влада или на премиер, е тој дека заменик не е можен. Мандат за состав на Влада добива одредена личност и тој мандат, јасна ни е процедурата од каде потекнува, тој мандат е според мене непренослив. Оттука мислам дека бирањето заменик на претседателот на

Влада во рамките на самата Влада не е во духот на Уставот. Со тоа би завршил околу ова прашање.

Би сакал да кажам по членот 18, дека тука е потребно прецизирање, дека Владата може да определи секој член од својот состав да ја претставува во Собранието, но не за секое прашање. Вака е многу слободно, Владата си има претседател, тој ја претставува, а во Собранието може за одреден ресор и ресорниот министер да биде претставник на Владата. Формулацијата како што ја гледаме фактички би било, било кој од редот на министрите може комплетно да ја застапува Владата за сите теми. Јас не го сметам за адекватно.

Наредниот член 19, кој ги разработува релациите со Собранието по упатно е да биде разработено во самото Собрание, а да не се средува со Закон за Владата.

Инаку, целосно се согласувам со донесување на Закон за Владата и оттука мислам овој предлог да го поддржам. Имаше и други места кои се помалку нелогично формулирани на пример во членот 26 каде се говори за односи на Владата со Собранието. Тука ставовите 2 и 3 можеби е подобро воопшто да не фигурираат, бидејќи Владата и онака е ослободена од обврска да се бави со прашања кои не се во нејзин делокруг. Вака наведено дека нема да му даде одговор или не дава мислење на Собранието или на пратеникот, тоа сведочи за одредена позиција на резервираност и на сила. Тоа не би сакал да го имаме и во текстот за Владата.

Членот 20 од своја страна утврдува нашиот дел на работење на Владата и тука се зацементирува стилот на одлучување со мнозинството од своите членови. Ние имаме една одредба во Уставот, каде одлуки и самото работење на Владата се носат со мнозинството членови на Парламентот. Може да работи и да одлучува со присутно мнозинство од Парламентот. Тој ист стил на размислување пренесен е и во владиниот дел што не гледам дека е нужно така, а истиот стил си го пренесовме и во работењето на собраниските тела. За тоа Владата не е одговорна, но редно е и ние да се позамислиме што со таа уставна бариера од 50% плус 1 учесник.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (Продолжение)

Инаку, во членот 9 каде што се разработуваат надлежностите на Владата мислам дека е дадено поопширно, но без разлика понекогаш е подобро да биде дадено поопширно отколку покусо. Колку и да се отишло во образложението нема да биде доволно, затоа што понекогаш природата на нештата содржи и морални и други аспекти. Тоа се прашањата на обврските, а тоа се подразбира само по себе. На пример за точката 18 се вели дека се преземаат мерки за слобода на граѓаните и дека ќе се преземат мерки против корупцијата, митото, монополската положба, се она што на некој начин е набележано.

Од друга страна треба јасно да се посочи дека секојдневно на тие претприемачи во најголем степен положбата им зависи од меѓународната положба и од Владата како и органите на Владата. Имаме сега ситуација, јас кога се обидов да респектирам за некои дејности, бизниси да влезат во услужните дејности, во производството, веднаш тоа доаѓа во судир со серија надлежни инспекторати и инспектори, органи на инспекцијата. На тој начин граѓанинот се обесхрабрува, секојдневно губи апетит и за работа и на крајот деморализиран ќе стане неефикасен по што ќе уследи или затворање на дуќанот дејноста, или замирање.

Владата мора сериозно да размисли како ќе се надмине монополската улога на пазарот и во претприемаштвото.

Исто така ќе мора да се мисли за слободата на граѓаните секаде каде што има интерес од максимална добивка од друга страна мора да подлежат и да го сносат тоа што настанало во врвот и соодветните дејности.

Јас би сакал во оваа фаза да и укажам на Владата дека во доменот на пазарот, со прописите, уредбите, одлуките и правилниците кои датираат речиси повеќето од 70-тите години, од овој аспект би било потребно да се обрне внимание за да навистина носителите на развојот на нашата средина, а тоа се граѓаните бидат слободни и без големи тешкотии, односно без многу судири со надлежните државни апарати си ја вршат работата и на тој начин си го остваруваат своето граѓанско право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Јордан Бошков.

Има збор заменикот министер за правда.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА:**

Најнапред да се заблагодарам за сите пратеници за поддршка та на Законот за Владата и посебно и на опозицијата и на позицијата, пратеници кои исто така од една страна го поддржаа овој закон, а од

друга страна дадоа и свои забелешки на пример како што е членот 9 за надлежноста на Владата, што беше навистина неизвесно за овој дел.

Исто така, членот 17 каде што се зборува за претседателот на Владата и министрите и замениците, овде се мисли не своите заменици, но точно е дека текстот не е прецизиран.

Понатаму, имаше забелешки на членот 26 каде се зборува за односите помеѓу Владата и Собранието. И тука мислам дека текстот треба да се подобри.

Членот 28 во кој се зборува за односите помеѓу Владата и претседателот на државата согласно Уставот, односите помеѓу Владата и претседателот не се прецизирани и се обидовме да внесеме некои одредби, но и тука можеме да имаме подобрување на текстот.

Во однос на членот 43 во преодните одредби кажуваме за Секретаријатот за законодавство дека треба да се трансформира, но не е јасно и прецизно дали ќе биде во рамките на Владата или ќе биде во рамките на Министерството за правда.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот заменик министер за правда, за својот коментар во врска со искажувањето во расправата.

Молам, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата, затоа што треба да пристапиме кон гласање.

Прво, Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за Владата на Република Македонија.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и искажувањата во расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата во расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда.

Молам да влезат пратениците за да пристапиме кон гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на Закон за државни службеници.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Влада, во пакетот на закони во јавната администрација како што е и Законот за државните службеници кој што е закон многу битен затоа што се прави напори државната администрација да се реорганизира и да се постави да служи на новите топови и новата политика што сега Република Македонија ја има како демократска држава.

Иако во Законот се прават напори сето ова да се усогласува со некои стандарди и искуства од другите држави, се прават тенденции државната администрација да се ослободи од политизација и политиканство. Од ова што може да се види од овој закон не сум убеден дека до крај оваа работа е расчистена и ни останува дилемата дали и понатаму државната администрација ќе биде сервис како што се предвидува и бара од неа и стручно и компетентно да ги извршува своите работи или ќе биде во служба на политиката.

Уште во првиот член се дефинира што е државна администрација и што се спаѓа во администрацијата, во државната администрација. Тука спаѓаат вработените во Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Народната банка итн.

Понатаму, процентот на државната администрација е направена по некој си стандарди, степени кои што денес постојат во Република Македонија, но она што за мене е дискутабилно и претставува предмет за кој што треба да расправаме е членот 8 каде што се дефинира формирање на агенција да ги врши следните работи... Ако добро ме следите, во државна

администрација спаѓаат сите вработени, дури и во Собранието на Република Македонија, судството, Народната банка и сите од член 1, а понатаму кога се зборува за именување на директор на агенцијата за државната администрација се вели дека директорот на државната администрација го наименува Владата на Република Македонија.

Мое мислење е, бидејќи сакаме да се ослободиме од државните стеги, сето тоа да не биде под директна контрола на Владата, туку директорот на државната администрација, кој покрива и администрација од одделни други области, како што е судската, законодавната власт, по мое мислење директорот на државната администрација не спаѓа под Влада и не треба да го избира Владата, туку треба да го избира Собранието на Република Македонија.

Друга работа што сакам да ја потенцирам во членот 8 е таму каде што се набројуваат ингеренциите на државната администрација. Мислам дека е испуштено едно многу битно и значајно прашање, што јас лично како пратеник, а и сите политички партии од албанска националност постојано инсистираме тоа да биде опфатено.

Дури ако се сеќавате во декларацијата на еднаквост при вработувањето, во која беше сугерирано од другите политички партии, ако може нешто да се направи во поглед на подобрување на вработеноста на националностите во државните органи и беше кажано дека тоа евентуално може да биде во државната администрација. Параметрите на кои укажувавме тогаш зборуваат дека албанците и другите националности во државната администрација се на многу ниско ниво. Според тоа, сега Агенцијата треба да се залага и за подобрување на вработеноста на припадниците на националноста, нормално запазувајќи ги сите критериуми кои се предвидени и како тоа може да биде по мое убедување. Таа треба да бие агенција и да подготви една програма која долгорочно ќе го елаборира и подобрува ова прашање.

Значи, во членот 8 треба да се додаде дека покрај другото треба да се грижи и како се застапени националностите во државната администрација и тоа во сите сегменти.

Она што понатаму сакам да го кажам, со оглед дека државната администрација поставува еден компјутер кој ќе извршува програми, кои ќе му бидат понудени како во вид на законски проекти понудени во Собранието, разни одлуки од Собранието, на Владата, на правосудната и на судската власт и многу е битно како ќе биде таа поставена и организирана внатре како администрација.

Мислам дека овде се бара стручно мислење и од стручњаци и од кадровски стручњаци кои точно ќе кажат и ќе укажуваат кои критериуми и кои правила треба да важат ако сакаме администрацијата да не ја претвориме во опозиција на Владата, која што е постојано ангажирана и која администрација трпи и е неспособна да ги прати тие промени. Треба да и се даде степен на слобода и креативност, креативна администрација која ќе дојде до израз со сите свои приоритети, а да не биде критериум години на вработеност и слично. По она како што е поставено со оглед дека се квалификувани односно проверувањето на знаењата ќе доаѓаат преку државниот секретар, односно генералниот секретар и државниот секретар се избира по предлог на министерот. Значи, ќе има доволно политичко влијание, дури во алтернативата се предвидува дека државните секретари можат да бидат функционери во политички партии. Сето тоа прави во оваа сфера и понатаму администрацијата да биде под силно политичко влијание.

Мислам дека треба да биде јасно разграничено што е државен секретар, дали е политичка личност или е стручна личност која организира работа на администрацијата.

Во делот на платите и наградувањата е направена една графика со која јас лично не се согласувам.

Во членот 37 каде што се зборува за додатокот разликата од првиот до последниот е 1:8. Мислам дека преголема е разликата како додаток од првиот до последниот, а првиот значи генерален секретар и државен секретар, а последниот помлад референт. Ако тоа се изразува во плати и ако ги погледаме сите поодделни групи и во високото образование ако се земе дека помлад референт би имал плата околу 6000 денари, односот 1:8 значи дека генералниот секретар ќе треба да има плата 48.000 денари. Мислам дека таква разлика не постои ни помеѓу претседателот на државата и највисок научен работник. Таа разлика ќе биде нужна во зависност од тоа како тој ќе оди. Инаку, сум поборник и тоа да биде на некој начин мотивација и ако е тоа комплексно прашање како се гледа на администрацијата, администрацијата како се мотивира. Инаку можеме да направиме

материјална мотивација, иако како што реков мотивацијата е комплексно прашање и не го содржи само материјалниот дел туку има и други фактори кои влијаат во мотивирањето на државните службеници.

На сите идејата ни е државниот службеник да биде тој кој ќе биде во функција на граѓаните на Република Македонија, а не граѓаните да се во негова функција.

Мислам дека со ова и со една поблиска конструкција ќе може да се дојде до еден текст општо прифатлив од сите парламентарци на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Ризван Сулејмани.

За збор се јави господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Вчера пројавив желба да дискутирам, бидејќи мојата дискусија се однесуваше на сите овие работи, како што кажа и претседателот на Собранието, сакав да кажам нешто поинакво од она што беше кажано. Разгледавме три закони наречени реформски и сите гласавме за тоа. Меѓутоа, со оглед на тоа што сме на Балканот, Македонија и другите држави се навикнавме на термините реформски, па антиреформски, кои тука добиваат други конотации во праксата.

Централно прашање кога зборуваме за овие закони, не знам дали се реформски или оние што остануваат, што ќе дојдат на нивно место се способни да ги вртат реформите кои се наметнуваат. Може да се случи да го изгласаме законот, меѓутоа и натаму останува прашањето дали имаме државни службеници кои ги следат промените во општеството, односно целите во транзицијата. Со оглед на тоа што дека имаме лошо искуство за вистинската работа, затоа велам и на тоа треба да обрнеме внимание.

Многу работи тргнуваат од граѓанинот. Точно кажа и господинот Сулејмани дека тие работи треба да се во функција на граѓанинот, а не граѓанинот да биде во функција на администрацијата. Инаку, во современите општества 30% од активната популација е активна во овој домен, меѓутоа, кога се зборува за администрацијата се истакнува еден елемент, а тоа е феноменот на социјалната држава. Практично, промените што сега ги вршиме со овие законски акти се во функција на заживување и на социјалната држава, односно нејзина постојана имплементација, иземање на простор во секојдневниот живот.

Притоа, не сум сигурен дали и нашиот граѓанин е навистина во ситуација да размислува за сликата на социјалната држава. Дали администрацијата што работи или ќе работи понатаму, ново примените ќе имаат свест за таа функција што тие треба да ја работат во новосоздадените услови. Нам ни треба поскромна држава од аспект на бирократскиот апарат во смисла таа да биде поскромна, во смисла да биде како еден вид сервис на граѓанинот. Поскромен државен службеник, меѓутоа, знаете дека транзицијата во ова општество, најголемиот субјект на транзицијата е државата. Таа државна служба, таа администрација треба да биде скромна, меѓутоа, треба да биде ефикасна и да се спушта до самиот граѓанин. Значи, една децентрализација во таа смисла. Кога Понапарта во 1800 година за прв пат ја создаде администрацијата, неговиот модел беше едноставен. Во секој град или градче ставил по еден префект, кој што ја претставуваше државата. Денеска, значи два века подоцна, особено по големиот кам бек на државата, социјалната држава порасна бројот на службениците, порасна бројот на администрацијата. Таа зајакна. И, нормално, особено по втората светска војна јакне социјалната држава. Нејзината основна цел беше да го сочува социјалниот мир, меѓутоа и да биде симбол на одредена социјална правда. Кај народот, исто така, овој од западноевропските држави каде што социјалната држава е мошне силна, созреа идејата дека државата дури има обврска да се грижи за граѓанинот, за неговиот социјален статус. Таа држава, социјалната држава мора да ги покрива ризиците на секој граѓанин, ризиците во смисла на стареење. Се она што го пореметува, односно што ја пореметува платата, примањата секојдневни. на луѓето, ако стареете одите во пензија, добивате помала плата, помали примања. Во случај на несреќа отсутни сте од работа, во случај на едно паранталнни семејства, смрт на татко или развод итн., губење на работа итн.

Затоа, сметам дека оваа тема е исклучиво битна и не треба да ја гледаме низ сегментот само државни службеници и толку. Треба многу подлабоко, пошироко да го погледаме феноменот. Истовремено, да не заборавиме, дека по плурализацијата, по политичката демократизација на општеството, мошне значаен фактор на таа демократија стана и цивилното општество. Цивилното општество, кое постојано

настојува да контролира по разни видови, по разни форми, дали се тоа корпоративистички форми, дали се тоа медиуми, дали се тоа тркалезни маси, критики итн. Со други зборови државните службеници, администрацијата треба да е и воопшто власта во оваа држава, треба да е свесна за значењето на цивилното општество, на иницијативата на граѓанинот. Затоа, велиме граѓаните очекуваат, барем во иднина, што поголемо значење на нивната желба, што поголема социјална сигурност, што поголема социјална правда. На нив не им треба една перманентна и стерилна држава, туку една посебно заинтересирана држава, таа самата да ги открива проблемите, таа самата да иницира нешто. Едноставно, таа самата да биде сервис.

Затоа, прифаќајќи и поддржувајќи го овој закон и воопшто мислам дека смешно е да зборуваме тука кој е антиреформски, кој е реформски, бидејќи или партиски или непартиски, или партизација итн., ќе се менуваат владите„ ќе доаѓаат нови политички гарнитури итн., меѓутоа, граѓанинот останува во центарот на акцијата на јавната администрација на службите, на државниот службеник. Со други зборови, оние што ќе дојдат на нивни места, млади луѓе што ќе влезат и веќе се таму треба да им е јасно дека тие се само во функција на граѓанинот. Тие не смеат да попуштат. Тоа е Балкан. Во ред. Може одредени елементи на попуштање има, но сепак, првата основна цел за нив е граѓанинот, а за останатото нека размислуваат.

Затоа, сметам дека ова е исто така и дел од нашето приближување кон европските стандарди. Уште еднаш поддржувајќи го овој закон мислам дека ете и како конструктивна опозиција пред нас е повеќе интересот на граѓанинот, на државата, а не партискиот интерес. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Нано Ружин за учество во расправата.

Со оглед на тоа дека никој повеќе не бара збор, но ве молам почекајте господинот Насер Зибери побара збор.

Ве молам, благовремено пријавувајте се, затоа што јас гледав во екранот нема никој и затоа продолжив понатаму.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, мислам дека должи внимание овој закон, дотолку повеќе што за прв пат ќе се регулира на овој начин положбата, статусот, правата и одговорностите на службениците на државната администрација. Овој закон кој отсуствуваше во последно време во нашиот правен систем и кој оставаше простор за доста шпекулации, да не кажам, да не речам манипулации и злоупотреба околу положбата на државните службеници. Ако сакаме ефикасна, стручна и одговорна администрација, тогаш неминовно е потребен еден ваков закон, кој точно ќе ја регулира положбата и позицијата на државниот службеник на работен однос во орган на државната управа.

Мислам дека доста прашања ги регулира овој закон и ги регулира на начини по потреба која соодветствува на пакетот на закони кои ги донесуваме за функционирањето на државната управа. Но, има и прашања кои отвораат дилеми и за околу кои, со оглед на тоа што е во прва фаза расправата, односно кога пратениците ги даваат своите размислувања, сугестии и предлози, добро е предлагачот да ги има предвид при претресување на оваа расправа и изготвување на конечниот текст, односно Предлогот на закон.

И од претходните дискутанти беше спомнато дека за прв пат се воведува нова институција, која ќе се занимава со положбата на државните службеници за начинот на организирање, делување и унапредување во хиерархијата државна, како што е предвидено според овој закон. А, тоа е Државната агенција или Агенцијата за државни службеници. Мислам дека по поставеноста согласно членот 8 на оваа Агенција, односно на овој орган, тоа може единствено да функционира и да одговара за положба на агенција која ќе се занимава со прашањата врзани за државните службеници вработени во органите на државата администрација врзани за Владата, односно ресорите. Но, тоа не е така. Доколку го читате членот 5, ставот 2 вели дека државен службеник во смисла на став 1 на овој член е лице вработено во органите на државната управа и стручните служби ги набројува, Собранието на Република Македонија, Претседателот ка Република Македонија, Владата, Народната банка, Државниот завод за ревизија итн. А, од друга страна членот 9 кој ја регулира положбата, членот 8 и 9 на Агенцијата, меѓу другото вели дека Агенцијата е самостоен орган на државната управа со својство на

правно лице. Но, со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Понатаму, точката 3 вели "за својата работа и за работата на Агенцијата директорот е одговорен пред Владата на Република Македонија". Тоа не е својствено односно некомпатибилно со надлежностите што ги има таа Агенција и надзорот што ќе го врши. А, таа во членот 8, ако ги читате надлежностите, меѓу другото, ќе дава мислење и за актите за систематизација на работните места на овие органи. Што значи и на Собранието и на судовите и на Народната банка итн. За унапредувањето, за полагањето на стручниот испит итн. Од тие причини ценам дека треба да се зајакне автономијата и независноста на овој орган, зашто само така таа ќе може самостојно и без политички притисоци врз основа на стручност и компетентност да ги оценува државните службеници, да припрема адекватен стручен испит, да ги оценува актите за систематизација, дали се тие доволни, дали се преобемни, одговараат на функциите кои ги вршат соодветните органи итн. Тоа е едно.

Второ, неминовно ако останува ваквата поставеност на Агенцијата со овие ингеренции и надлежности, неминовно изборот и одговорноста на раководителот на овој орган, треба да премине во најмала рака пред Собранието на Република Македонија. Мислам дека е ова сериозна забелешка и ќе треба сериозно Владата да размислува, односно предлагачот, или да предвиди поинаков механизам за надлежностите и поставеноста на овој орган и соодветно на тоа да се предвиди друг орган кој ќе се занимава со вработените, државни службеници во останатите, а ова да остане како што е оваа поставеност, надлежност и одговорност само за ова или да ги преиначи овие прашања по однос на изборот, одговорноста итн. и тие надлежности да преминат во Собранието на Република Македонија. Тоа е едно.

Второ, кое како дилема, за мене барем, постои е прашањето што овој закон се обидува да воспостави еден механизам, кој неминовно треба да постои и тоа е добро што се предвидува. Но, не е направен понатаму чекор целото ова прашање и овој институт, навистина да заживее и да се постави на здрави основи. Тоа е прашањето на транспарентност и еднаквост на шанси при вработување во државните служби.

Во членот 12 став 1 вели: "државните службеници, освен државните и генералните секретари, за кое прашање зборувавме и вчера, се вработуваат преку јавен оглас". Тоа е единствениот институт кога се во прашање јавни служби кои мораат да се испочитуваат до крај. Не случајно и укажувањата и од Светската банка и од ММФ се дека во јавните служби и установи, мора до крај да се испочитува институтот конкурс, кој гарантира транспарентност и еднакви шанси за сите. Зашто, се разбира, тие се финансираат, односно нивните плати се алиментираат од буџетот, а буџетот знаеме што претставува за една држава и виза ви односот граѓаните, кои се даночни обврзници и кои создаваат средства за полнење на тој Буџет, од кои се алиментираат платите на службениците. Тоа е добро. Но, треба во натамошната постапка Министерството - предлагач, во случајот Министерството за правда да се усогласи со Министерството за труд и да се види таму дали и понатаму ќе постои институтот прием на лица за одредени прашања, без институтот оглас, член 186 од Законот за работни односи тоа го овозможува. И повеќето органи, да не речам, без исклучок сите го користат тој институт и затоа не случајно денеска не може тоа и не само денеска, сакам да бидам критичен, институтот конкурс за овие органи, не фигурира. Вие немате оглас во дневната штампа, во Заводот за вработување или приватните агенции за огласи кои зборуваат за прием на работници во државната администрација. Ако сме доследни да остане овој институт во членот 12 точка 1, тогаш неминовно треба да претрпи измени Законот за работни односи во овој дел каде што овозможува поинакво постапување, односно надлежност на лицето кое раководи со органот, министер, директор итн., да не може понатаму да го користи тој институт и да се воспостави овој ред, што има тенденција законот да го направи.

Понатаму, во член 18 меѓу другото вели "лицето кое за прв пат се вработува како државен службеник пред министерот, односно функционерот кој раководи со органот по член 5 од овој закон, дава и потпишува заклетва, со следниот текст и истиот текст стои понатаму".

Ценам дека овој институт треба да се изземе. Има доста и други институти кои предвидуваат одговорност, почитување на хиерархијата, стручност итн., но ова повеќе ми личи на една декларативна изјава од типот на изјави кои ги даваат војниците, судиите итн. На некој начин исповедување и ценам дека овој институт треба да се изземе односно да не се предвидува, зашто може во крајности и да се карикира со овој институт

и да испадне смешен, но и може во некои случаеви дури и да се злоупотребува.

Прашањата на полагање на стручен испит, проверка на знаење итн., тие стојат и веројатно ќе постојат и понатаму, а јас лично ценам дека ќе дадат придонес во смисла на селектирање и поуспешно унапредување на тие кои компетентно и стручно ги вршат задачите дадени со актите.

Во членот 21 вели: "државниот службеник е должен да ја чува државната и службената тајна на начин и под услови утврдени со закон и друг пропис". Понатаму, вели: "обврската за чување на службената тајна трае и по престанувањето на службата". Мислам дека овој член ако не се доработи, не мора да е тоа со овој системски закон на некој начин, но со други закони за одредени области или подзаконски акти, точно да се утврди што е службена тајна. Зашто, може до крај да се злоупотребува и да имаат консеквенции вработените во државната администрација, па и тие одкако ќе ја напуштат за прашања кои можеби воопшто немаат степен на резервираност, односно тајна служба. Затоа, треба точно со акт да се определи дали тоа ќе биде акт на Владата или одделни правилници од страна на соодветните органи, оти една информација за еден орган од надлежноста, не значи, не мора да биде иста и за друг орган итн. Значи, има посебности одделни органи и за тоа во одделни, одделно, сепаратно во секој орган треба по мое мислеше да постои правилник со кој ќе се уредува тоа прашање што ќе претставува државна тајна или тајна која службеникот не смее да ја објави, односно обелодени.

Следствено на тоа е и прашањето на платите и надоместоците. Во тој дел јас и на комисиската расправа, каде што беше заменикот, во делот на зголемувањето на платите по основ на стаж, треба да се усогласите со Законот за работни односи, од причина што овдека предвидувате иста стапка на пораст на личниот доход од 0,5% по година, но не повеќе од 10% и тој лимит, тој плафон мора да го изедначите со системскиот закон, Законот за работни односи, каде што е предвидено 15 или 20%. Кога сум кај платите и надоместоците тоа што го рече и претходниот дискутант Сулејмани, мислам дека иако добро е што се обидува законот ова прашање да го реши, сепак мислам дека разликите во однос на наградувањето, односно личните примања се огромни. Од помлад референт, што подразбира лице вработено во орган на државна управа, со средно образование, според сегашната регулатива за исплата на плати, тоа е некаде околу 6.000 или 5,890, значи, околу 6.000. А, највисоката е некаде околу 17.000 за потсекретар во државната управа, што значи соодносот е некаде 1:3. Сега се востановува и тоа без државниот секретар, кој и ја дели судбината на државните службеници и има поинаков статус е 1:6. И, овој соднос, веројатно, ќе предизвика потоа проблеми во Законот за исплата на платите. И тоа може да доведе до пробивање на буџетот и верижна реакција. Дотолку повеќе што сега веќе го исклучивме институтот врзување на плати и пензии, кој може да циклира и да произведува дури и инфлаторни последици, а по буџетот може да биде многу катастрофален.

До тие причини сметам дека за овој дел треба да се усогласите со Секторот за плати во Министерството за труд и социјална политика и точно номинално да се види што произведуваат овие коефициенти во пракса.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Насер Зибери за укажаните сугестии. Јас мислам, особено првите две држат, но и другите не ги оспорувам, особено околу јасно дефинирање на статусот на тој орган кој треба да ја цени стручноста и способноста на државните органи. Ќе треба Министерството заедно со Владата малку да размисли, да не навлезе во она уставно начело на поделба на власта и посредно да влијае врз другите два сегменти на таа поделба на власта, врз законодавната и врз судската, па ако сакате и врз финансиската итн.

Има збор г-динот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, мислам дека овој закон Парламентот би требало да го подржи, барем во оваа прва фаза, со одредените забелешки кои ќе бидат истакнати за кои јас ќе се обидам, барем во рамките на моите можности да ги истакнам.

Прашањето на државните службеници и досега беше регулирано, односно уредено со повеќе законски и подзаконски акти, а сега со овој закон се прави еден напор да се донесе еден посебен кодифициран закон со кој ќе се регулира специфичниот статус на државните службеници. На тој начин сметам дека законодавството, особено што се однесува на државните службеници се одвојува од

општото работно законодавство и тоа е во ред, со исклучок што во законот ги нуди решенијата за оние општи административни работници, кои не спаѓаат во рангот на државни службеници.

Сметам дека предложениот закон е во правец на остварување на утврдените цели за кои доста зборувавме и по претходните закони, за остварување на реформата на јавната администрација и за развој на една демократска и граѓанско ориентирана јавна администрација.

Предложените решенија во законот содржат решенија за државните службеници и ги афирмираат принципите на професионална, деполитизирана, ефикасна и одговорна државна администрација со која ќе се обезбедува квалитетно и навремено извршување на своите задачи. Но, сметам дека, за она за што зборуваше и колегата Зибери и тоа што и вие укажувавте, треба да се води посебна грижа во тој дел на забелешките за членот 5 каде одредбите од законот се однесуваат на поголем број органи на државната управа и стручни служби и на другите органи од член 5 на овој закон, како што го именува и претходникот. Тоа е Народна банка, Закон за државна ревизија, Стручните служби на Собранието на РМ и слично, со што се поставува прашањето дали групите и звањата предвидени со членот 7 и во согласност со членот 5 од овој закон ќе бидат доволни за да ги издржат сите нивни специфики, на сите овие посебни органи, бидејќи спецификите во Народна банка и во стручни те служби во Собранието се различни од спецификите во различните министерства. Во таа смисла сметам дека би требало да се преоценат можностите за органите од став 2 наведени во членот 5, освен органите на државната управа, соодветно да се применуваат и одредбите од овој закон кои своите специфичности да можат да ги изразат во своите посебни акти. Тоа особено доаѓа до израз во регулирањето на односите на Агенцијата за државните службеници во која се наведени работите и за Владата и за министерствата и за овие стручни служби. Ова особено во поглед на давање на мислења за актите за организација и систематизација од членот 8 став 2. Бидејќи Агенцијата за државните службеници во која се наведени работите и за Владата и за министерствата и за овие стручни служби. Ова особено во поглед на давање на мислења за актите за организација и систематизација, од членот 8 став 2. Овие органи посебно имаат акцент во давање на мислења и креирања, бидејќи Агенцијата колку и да биде опремена и стручно организирана не може да ги знае спецификите на стручните служби во Собранието. Тоа особено и во делот за одлучување по жалбената постапка за работниците, како и за други прашања што се однесуваат на следењето и оценувањето на државните службеници. Во тој дел треба посебно да се разработат односите меѓу Агенцијата за државни службеници и овие други органи и стручни служби.

Исто така во законските одредби е предвидено Агенцијата за државни службеници да донесе една Уредба со која ќе се утврдат и соодветните стекнати звања, со групи звања утврдени во овој закон. Би требало да се преоцени потребата, а притоа да се обезбедат и мислењата на овие органи по однос на звањата, бидејќи се воведуваат како што знаеме три звања: раководни работници, стручни работници и стручно - административни работници. Во тој дел соработката меѓу Агенцијата и овие Стручни служби и раководителите, државните секретари во министерствата, особено генералните секретари, треба да бидат добро разработени тие механизми да не дојде до нефункционирање на државните службеници.

Исто така сметам дека, врз основа на овие големи надлежности за Агенцијата, треба да се разработи делот за самата Агенција и тоа делот за нејзина организација, бидејќи зборува само дека Агенцијата се формира и почнува со работа, а Владата ќе го назначи нејзиниот директор. Тоа е така регулирано. Еден дел барем би требало да се регулира за структурата на оваа Агенција и органите за соработка со другите органи. Исто така членовите и одредбите од членовите, посебно членот 12 став 3, за мене би било поприфатливо алтернативното решение од ставот 3 на овој член, од причина што истиот предвидува поширок состав на Комисијата за спроведување на постапка за вработување на државниот службеник, со што се обезбедува и поголема објективност во обучувањето.

Интересни се одредбите, незнам беа спомнати од некои колеги, во членовите за деполитизираност на државните службеници. Уставните решенија се познати. Законодавецот или предлагачот се обидел да ги разработи во функција на уставните решенија, особено интересно е решението дека државниот службеник после работното време може да биде и во раководни структури на секоја партија, што значи дека Законот прави дистинкција на државниот

службеник во работно време каде има четири пет ставови во кој вика дека не може да пропагира, не може да учествува на митинзи, не може да истакнува симболи, но после работно време може да биде дури во раководни функции. Сметам дека тие решенија во основа се добри, но во понатамошниот текст треба да се доразработат, да имаме чисти и јасни односи, се во функција на државните службеници, да не можат со промена на политичката власт, едните или другите државни службеници да бидат малтретирани од односот на оспорување на нивните права, па до дисциплински постапки и слично, иако во овој дел треба да се разработи тоа што е политичка администрација, што е делот на државни деполитизирани. Иако се прават напори, тоа е до државните секретари, да можат да бидат именувани од Владата, но тие спаѓаат во редот на државни службеници.

Јас и во претходната дискусија, во текот на вчерашниот ден по претходниот закон кажав дека државните секретари не би можеле да влезат во делот на државни службеници. Тие треба да се изземат, бидејќи го заменуваат министерот и водат политички функции. Тука е дилемата од кои редови ќе се именуваат државните секретари. Интенцијата на законодавецот е тие да се именуваат од раководните работници, што би се толкувало, дека е тоа од постоечките. Основно решение треба да биде дека државните секретари може да бидат и од раководните работници, но може да ги донесе министерот или политичката влада од надвор,од други органи и организации за да ја остваруваат својата политика во тој дел.

Исто така системот на плати кој е разработен во законот вклучува поголем број на компоненти при определување на платата, особено обезбедување и вреднување на професионалноста на секој државен службеник и овозможува поголема стимулација за успешно и стручно извршување на работите, како и професионален развој што беше истакнато од некои пратеници во звањето и постојаност во државната служба. Во таа смисла би требало да укажеме, сигурно додека се спроведува реално и професионално и институтот или новиот механизам за оценување и контрола на работата на државните службеници, како новина која се воведува и која би требало да придонесе за зголемување на одговорноста. Но, во тој дел сигурно посебно треба да се води грижа во односно оценувањето, бидејќи со овој закон е определено оценувањето да биде од редот на претпоставените работници и тука треба да се внимава во однос на политичката определеност на државните службеници.

Колегата Зибери зборуваше, не би сакал да се впуштам во тој дел, во однос на бодирањето меѓу најнискиот износ на стручно - административните службеници и во делот на основниот дел, по однос на образование и по однос на извршување на работите и работните задачи.

Врз основа на досегашните искуства во функционирање на администрацијата во РМ односот меѓу најниска и највисока плата би бил во тој соодност 1,5, 1,4. Одредени согледувања укажуваат дека законодавецот се движи во тој дел. Односот на најниската плата на помлад референт или приправник, никој не спореше дека овој закон го воведува институтот приправник, приправнички стаж, што од искуството во РМ, барем според мои сознанија покажува, бидејќи не се спроведуваше да кажам професионално, не одигра голема улога. Инаку институтот приправник и приправнички стаж е многу биден за стекнување на статусот на државен службеник.

И најбитно, бидејќи овој закон ќе почне да се спроведува, е во оној дел на новиот институт, што зборував, тоа е оценувањето и наоѓањето на делот на политичка заштита на државните службеници. Во најмала рака би требало, со донесувањето на овој закон, да создадеме страв кај државните службеници, особено и за новиот институт, тоа е транзициониот испит кој се воведува. Јасно е дека законодавецот воведува еден институт, транзиционен испит.

Сите досегашни службеници кои имаат до 15 години работен стаж ќе треба да го полагаат тој транзиционен испит, а понатаму стручноста и оценувањето на работата.

Сметам дека овие институти се добри ако функционираат во функција во изградба на државните службеници. Доколку се мисли и се обидува овие институти, особено транзициониот испит да послужи како мерка за рационализација од политички аспекти, да видиме овој државен службеник во Собранието и во Народната банка се декларирал како припадник со свое политичко убедување на сегашната опозиција, учествувал во одредени редови и доколку транзициониот испит се користи тој да не положи, во тој дел или се малтретира, па да му престане работниот однос, сметам

дека ни најмалку нема да ги исполниме условите кои ги предвидува законодавецот. Затоа би требало да се предвидат, иако е тешко да се предвидат тие механизми, но апелирам до политичката власт која ќе почне да ги спроведува овие испити, особено тоа е онаа генерација на млади луѓе што е многу специфична. Транзиционен испит ќе полагаат луѓе кои се вработија после воведувањето на повеќепартискиот систем на Република Македонија. Значи тоа се млади луѓе и тој испит е многу специфичен. Одредена комисија која е стручно составена, е во ред. Но, ако е комисија таква за да остварува само одредени цели, а треба да го испитува звањето, да речам моето звање или на некој магистер или дипломиран правник, она што го стекнал на факултетот. Транзициониот испит треба да биде, сигурно тој се вклопува во плурализмот на новите закони, но не смее да навлегува во стручноста, во делот на она што ги учеле професорите на факултет и преиспитување на дипломите. И составот на овие комисии може да биде, бидејќи вработените во државната администрација, во сегашниот состав се со звања, доста се едукативно опремени, усовршени, и не би требало да се користат политички методи за реваншизам.

Со овие забелешки, доколку бидат прифатени, сигурно ние ќе се обидеме или амандмански, во втората фаза да го доизградиме овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски за дадените сугестии и забелешки, верувам дека Владата добар дел од нив и ќе ги вгради во текстот.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги, ова е, како што знаеме третиот од овој комплекс закони со кои се комплетира овој дел од намеруваните реформи. Можеби на прв поглед тоа е некој прозаичен закон и трет по ред, можеби и трет по важност, но јас би рекол дека со овој закон би требало да се воведат најтрајни промени во работата на администрацијата, на државната администрација. Верувам, ако успешно ги концепираме овде и добро се направат и со најголемо влијание на функционирањето на администрацијата и најголемото влијание на градење на доверба на граѓаните кон администрацијата. Затоа треба овде многу внимание да се посвети. Неспорно е дека исто така е реформски, неспорно е дека е многу значаен, неспорно е дека Владата направила тука еден крупен напор да ги промени состојбите. Но, бидејќи ова е прва фаза на разгледувањето на овој закон, треба да се обидеме, да видиме нешто што можеме да помогнеме. Повеќе работи овде во досегашната работа беа изнесени.

Едно е прашањето дали не е премногу широко даден поимот државен службеник, дали административните и други службеници во судовите, во Народната банка итн., можат да се стават под иста капа со државните службеници кои работат во локалната самоуправа во државните органи итн.

По наше мислење тоа сепак е добра концепција. Мислиме дека во сите овие органи има функции кои чиновнички се вршат, имаат службенички карактер и треба да се опфатат со еден закон. Имаат специфичности, се разбира и треба да се даде можност тие специфичности во текстот на спроведувањето на законот да дојдат до израз и да добијат соодветна форма на почит кон нив.

Исто така се поставува и прашањето, ќе успее ли еден стручен орган, специјализиран за следење на развојот на државната управа, посебно на државните службеници, да може да се ангажира на така разнолика област каде државниот службеник работи, Агенцијата.

Мислам дека при осмислувањето на внатрешната структура на Агенцијата ќе треба она така да се оспособи и направи, да можат они стручните работи да ги тераат еднакво за сите овие сектори на државни службеници кои работат, некои во државната управа, некој во локалната самоуправа, некои во судовите, некои кај претседателот на Републиката, некои во Собранието, некои во банките.

Мислам дека тоа само ќе даде многу повеќе задачи на оние кои ќе ја прават таа Агенција и како ќе биде таа конципирана и нејзината работа како таа практично ќе функционира. Така што сметаме дека е тоа правилно што се уочуваат како проблеми, но правилно е и да се очекува дека за тие проблеми ќе има решенија не само во Законот, колку може во Законот, но и во актите кои ќе следуваат од овој закон.

Навистина се поставува прашањето дали Владата е токму тој орган кој треба да го именува директорот на оваа Агенција и дали тој и тој е државен службеник, сега треба да одговара само пред Владата. По мое мислење целокупната сфера на државна

управа и државно службување, е службување во сферата на остварувањето на извршната власт. И објективно и ова би припаѓало таму. А Собранието со својата парламентарна контрола врз Владата може да следи дали Владата добро ја следи состојбата како во други ресори, иако апсолутно не е исто, и работата на директорот на оваа агенција. Не сме се одлучувале тоа да биде избрано лице од Собранието, но ако има такви предлози и ако се наведат доволно аргументи, ние ќе го разгледаме и ќе видиме дали и нашата пратеничка група на Либералната партија ќе го поддржи тоа. За мене и за нас од нашата пратеничка група е многу значаен овој член 29, неговата алтернатива. Всушност во што по наше мислење целата оваа реформа на државните органи на начинот на нивното работење на државните службеници итн., за државната управа на државни службеници овде сега што ги правиме има за цел извршната и управната функција на власта да ја одвои комплетно од политичката сфера, заради тоа што во современите општества постојат тие слоеви и сосема јасно поделени, иако некаде изгледа дека се преливаат. Една е целата сфера на граѓанското општество, другото е политичката сфера, политичко организирани како што се партиите итн. И трето е она што е државна власт која пак натаму е слоевито поставена и има поделба на власта итн., извршна, законодавна и судска, но еве и државната управа. Ако ние тоа не го разбереме и ако тука не направиме добра дистинкција тешко ќе можеме да очекуваме дека другите резултати и другите мерки што ги превземаме ќе ги дадат оние резултати кои ги очекуваме. Тешко ќе биде тоа од многу причини.

На пример овде во членот 29 се вели дека само додека е на работа, за работно време државниот службеник нема право на политички активности, да не оди по митинзи, да не оди на јавни настапи на ТВ се подразбира и да не учествува во кампањи итн. Меѓутоа, попладне тој може да учествува, може да се качува на трибините, може да држи говори и од изборната кампања ние ќе имаме по оваа концепција два вида на службеници, затоа што тие ќе се разврстат: државни службеници, политички поединци и државни службеници кои останале во малцинство, или политички поразени. Политичката конфронтација што е неопходна во политичката сфера апсолутно е штетна ако било како се дозволи да има канали како таа низ системот на осмоза ќе се пенетрира во државната управа и кај државните службеници. Не случајно дури и во војна се држи до тој принцип во развиените демократски општества да државниот службеник никако не смее да припаѓа на политичка партија или да биде претендент, кандидат на политичка функција. Само сакам да ве потсетам на оној општо познат пример на Фистрој Маклин, кој како државен службеник во "Форин Опис" одговарал за многу важни задачи. Но, оној момент кога се одлучил политички да се активира, тој морал да даде оставка, отказ од работата, се кандидирал за пратеник, а потоа одел и вршел разни функции во својство на пратеник и тоа што припаѓа на тоа. Според тоа, ние мислиме дека државната управа, државните службеници не треба да бидат припадници на политички партии. Тие можат да си гласаат, можат да бидат симпатизери, но да не бидат припадници на политички партии особено не смеат да бидат членови на раководни органи, или да учествуваат во политички кампањи, било предпладне, или попладне. Исто така државен службеник ако сака да се кандидира за политичка функција било која, наш став е дека треба прво да си даде оставка од местото на државен службеник па да се впушти во авантурата на политичко напредување. Ако не сака да носи тој ризик, а политиката носи ризик, а носи ризик и државното службување, тогаш нека си остане во рамките на ризикот што го носи државното службување и државната функција. А тој што сака да оди на политички функции треба да се одвои од државната служба. Прво да се одвои, па се кандидира. Ова по мое мислење од ова треба да бидат одземени само оние државни секретари и оние генерални секретари на кои мандатот тие го добиваат и им престанува со мандатот на телата каде што се тие генерални секретари. На пр. генералниот секретар на Владата, генералниот секретар на Собранието, само тие кои носат политички ризик тие треба да имаат право секогаш да учествуваат во кампањи, да бидат членови на партии и членови на раководства на партии итн. Се што нема било на кој начин некоја друга функција врзана за политичка менливост на неговото опстојување на таа државна функција не треба ни да има право да учествува во политичкиот живот низ кампањи, низ членување итн. Ние дури тогаш ќе имаме сигурна државна администрација и тие кои се вработени внатре во државната администрација, државните службеници нема да се плашат и ќе им биде сеедно која власт ќе дојде, која

политичка партија ќе дојде а и граѓаните кои се од различни партии нема да се плашат од работењето на тој службеник кој го гледале по трибините со оние кои добиле, победиле, или изгубиле, или незнам што. Затоа мислам дека ова не е споредно прашање, туку ова е едно од клучните прашања на реформите и овие се нашите погледи. Инаку за предлогот за донесување на овој закон ние ќе гласаме, а овие сугестии ги дадовме за втората фаза.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојан Андов за дадените сугестии.

Верувам дека добар дел од нив Владата ќе прифати.

За збор се јави заменик министерот за правда г-динот Зоран Стојанкиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Сите дадени забелешки од страна на пратениците ги цениме како аргументирани и тие се во насока на подобрување на самиот текст. Конкретно беа дадени забелешки во член 5 каде што во првиот став се зборува за кој и што е државен службеник. Став 2 каде се зборува за опфатот. Членот 5 беше во врска со член 8 каде се зборува за нова институција која се воведува во нашиот систем, а тоа е Агенција за државни службеници. Бидејќи таму опфатот вели дека покрај Владата, државни службеници се и во Собрание и во другите органи. Забелешка имаше и за член 9, каде што стои дека Владата на Република Македонија го определува директорот. А компаративни согледувања на системот е систем кој е прифатен од францускиот систем Агенција за државни службеници е Агенција на Влада. Понатаму, одредбите за Агенција за државни службеници ќе бидат разработени со нови подзаконски акти. Така што тука нема да има никаков проблем и во составот на Агенција ќе влегуваат не само членови на Влада, туку ќе влегуваат и други раководни работници од другите органи.

Во однос на дилемата државен секретар, генерален секретар дали одредбите во законот се јасни дека државен, или генерален секретар ќе биде стручен работни во министерство. Имаше забелешки во однос на член 29 каде пратеникот Стојан Андов се определи за определбата членовите значи државни службеници да не бидат политизирани, тоа е одредба и на сегашниот Устав. Ние сме на мислење дека државните службеници со оваа одредба треба да бидат политички определени, дека нивната активност не треба да биде некоја тајна, бидејќи ние и сега во овој момент имаме државни службеници кои се политички активни. Имаше забелешка на член 36 и 37 каде што се зборуваше за систем на плати и надоместоци на плати. Мислам дека овој соодност ако се погледа добро е 1:3, 1:4, н е е 1:6 и 1:7.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на заменик министерот за правда г-динот Зоран Стојанкиќ.

Дами и г-да пратеници, бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на Законот за државните службеници.

Второ, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Трето, овој Заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и Министерството за правда.

Предложениот Заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

78 пратеници гласаа за, двајца воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на точката четири од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за постапување со досиеја за лица водени од Службата за државна безбедност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

За збор се јави г-ѓата министер за внатрешни работи, потпретседател во Владата на РМ Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател на Собранието пред нас е долго очекуваниот и најавуваниот закон за постапување со досиеја за лица водени од Службата за државна безбедност. Факт е

дека овој закон беше најавуван и минатата година во Програмата за работа на Владата, но не беше предложен до Парламентот. Со преземањето на министерските обврски формирана е една работна група за изработување на овој закон кој што е многу чувствителен. Од тие причини и многу деликатен и сакавме да вклучиме повеќе научници, професори од Универзитетот кои што ја третираат оваа проблематика. Во работната група беа вработени правни експерти од Министерството за внатрешни работи, и исто така еден угледен адвокат кој што и самиот бил предмет на репресија во поранешниот режим. Така што овој текст ви е доставен во парламентарна процедура и мене ме радува што е поддржан од сите комисии кои што се надлежни за разгледување на овој закон.

Уставна основа за донесување на овој закон е членот 18 од Уставот на РМ според кој што се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоци. Потребата од донесување право што ќе ја регулира постапката на пристап и увид во личните досиеја водени од страна на поранешната служба за државна безбедност, односно дирекцијата за безбедност и контраразузнавање при МВР за периодот од 1945 година до ден денес, како и постапката за нивно понатамошно чување, користење, уништување и контрола врз вака преземените активности е иницирана од потребата и барањето на јавноста дефинитивно да се расчисти со една недемократска и незаконита практика во делувањето на безбедносните служби во државата и историската нужност за отстранување на неправдите сторени во минатото од поранешниот систем во поглед пред се на одредена категорија луѓе, кои што не се согласувале со идеолошко политичката матрица на тој систем. Со законот за постапување со досиеја за лица водени од Службата за државна безбедност се затвара еден историски период на нашиот општествен развој ослободувајќи не од рецидивот на минатото во поглед на функционирањето на безбедносните служби во државата.

Почитувани пратеници, предложениот закон нема цел да се одмаздува за неправдите направени во минатото, не е мотивиран од реваншизам, туку да промовира нова практика во функционирањето на МВР во однос на граѓаните, особено на полето на заштитата на личните податоци во согласност со директивите на Европскиот Парламент, во поглед на заштита на поединците во процесирањето на личните податоци и нивното слободно движење, насоките на Советот на Европа во поглед на собирањето податоци од страна на полицијата и пристапот на заинтересираното лице до нив, во кои се инсистира за податоците кои се собрани без знаење на субјектот кој бил надгледуван. Со напуштање на истрагата, или не добивање очекувани резултати кои би го потврдиле сомневањето на полицијата веднаш да се запознае лицето кое било надгледувано. Препораката на Советот на Европа е низ домашното законодавство да им се овозможи пристап до информациите на сите оние за кои постојат полициски досиеја, а доколку низ правото на пристап се утврди дека информациите се неточни, или ирелевантни во полициското досие тие треба да се избришат, или да се корегираат.

**ДОСТА ДИМОВСКА:** (Продолжение)

Во случај да се одбие пристапот кон податоците или постои ограничување на ова право, тоа треба да биде дадено во писмена форма, а со престанување на егзистирање на целите за кои е формирана базата на личните податоци, таа треба да биде избришана. Во иднина, МВР, откако ќе помине овој закон ќе предложи еден закон што ќе ја регулира целата оваа постапка за пристап до личните податоци.

Во подготовката на законот за постапување со досиејата на лица, водени од поранешната Служба за државна безбедност, користени се компаративните искуства на другите Источно - Европски држави кои донеле и имплементирале вакво законодавство, како што е Чешка, Романија, Бугарија, Литванија, Полска итн. Но, понудениот текст е изворен и генерално ја следи меѓународната регулатива во поглед на заштита на личните податоци, усогласен со спецификите на нашиот правен и политички систем.

Низ понудениот текст на законот се промовира нов принцип во функционирањето на МВР, а тоа е принципот на јавност и транспарентност, отвореност на владиниот информативен систем на личните податоци кон граѓаните, со што овој закон претставува вовед во креирањето, пошироко, усогласено законодавство за заштита на базите на личните податоци, со препораките на Советот на Европа по ова прашање, како и заокружување на процесот на заштита на приватноста во РМ.

Почитувани пратеници, со овој закон се уредува постапката на информирање и пристап до личните досиеја, водени од страна на поранешната СДБ односно ДБК, за периодот од 1945 па наваму, се до влегувањето во сила на овој закон, постапка за нивно понатамошно чување, користење, уништување, како и контролата врз законитоста на преземените активности, согласно понудениот закон, при што, законот прецизно го дефинира поимот "лично досие", како самостоен документационен комплет на податоци, оформен и воден за одредено лице од политички и идеолошки причини од страна на СДБ и ДБК, се до влегувањето во сила на овој закон.

Пристап и увид во личното досие, согласно овој закон има секое лице кое смета дека за него во СДБ, доколку лицето има македонско државјанство, или државјанство на СФРЈ за периодот од 1945-1991 година, а по потекло од РМ, пристап и увид во досието можат да остварат и брачниот другар, децата, родителите или внуците на лицето кое е починато или нивен полномошник, доколку писмено се обратат до МВР. Рокот до кој што може да се поднесе ваквото барање според законот, е ограничен на една година од денот на влегување во сила на овој закон.

Министерството за внатрешни работи во рок не подолг од 90 дена, барателот писмено ќе го извести за тоа дали за него е евидентирано постоење на лично досие, како и за времето и местото каде може да се оствари пристап и увид во досието. Законот, во одредена мера го штити идентитетот на службените лица кои работеле во формирањето на досието, како и на лицата кои на СДБ и ДБК и давале информации при формирањето на досието, со што се избегнува можноста да се доведе во прашање нормалното функционирање на Дирекцијата и нарушување на безбедносната рамка на нејзиното делување.

Сепак, законот дава можност МВР, по писмено барање на лицето кое остварило пристап и увид во личното досие да го информира за имињата на службените лица кои работеле на формирањето на неговото досие, како и на лицата кои давале информации при формирањето на досието, доколку врз основа на списите во досието може да се утврди нивниот идентитет.

Подносителот на барањето добива на увид копие од досието и не смее да го фотографира, оштети или изнесе личното досие. По барање на лицето кое остварило увид во личното досие, МВР ќе му издаде копие на целото досие или на еден негов дел, наведено во барањето, а трошоците за издавањето на копие ги поднесува подносителот на ваквото барање.

Со цел да се изврши контрола над законитоста на преземените активности во постапката со личните досиеја, предлагаме да се формира комисија составена од пратеници и политичките партии застапени во Собранието на РМ и претставници на други државни органи и институции, а бројот и составот на комисијата да го утврди, со одлука, самото Собрание на РМ.

По извршениот увид во личните досиеја или, доколку лицето во рокот утврден со законот не пројавило интерес за пристап и увид, личните досиеја и микро - филмованиот материјал што се однесува за нив, по претходна оценка на нивната историска, научна или културна вредност, како и досиејата од член 13, став 1 на законот, се отстапуваат на Архивот на РМ во рок од 6 месеци по престанокот на важењето на овој закон. Со тоа, личните досиеја престануваат да се сметаат за службена тајна, согласно Законот за МВР, а понатамошната постапка на нивна заштита, чување и користење се врши согласно Законот за архивска граѓа.

Почитувани пратеници, со цел да се избегне арбитрерноста во изборот на досиејата што имаат историска, научна и културна вредност, изборот е во надлежност на стручна комисија формирана од страна на министерот за внатрешни работи во која учествуваат стручни и научни лица од Архивот на Македонија и Институтот за национална историја. Останатите досиеја, микро -филмованиот материјал и електронски обработените податоци од личните досиеја, што, по оценка на комисијата немаат историска, научна или културна вредност ќе се уништат, согласно прописите на МВР, а електронски обработената евиденција за материјалите што се отстапуваат на Архивот на Македонија ќе се брише.

Почитувани пратеници, пред вас е еден мошне чувствителен закон со кој што ќе се создаде можност за корегирање на една историска неправда што била направена над десетици илјади неистомисленици, кои поинаку политички мислеле, имале поинаква идеолошка припадност во поранешниот систем, а ќе видиме и по донесувањето на Уставот дали имало такво кршење на Уставот, дали имало досиеја водени од политички причини, се додека не се донесе законот, нема јас да говорам на таа тема. Вие се наоѓате пред

еден голем испит, задача е и на МВР и на Владата да понуди едно вакво либерално решение, а вие ќе бидете тие кои со својата волја или ќе го поддржите законот, ќе бидете негов коректор, или пак ќе се решите за една поинаква пракса. Благодарам.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи г-дин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата министерка за исцрпното излагање за потребите и начинот од донесување на овој закон и дел од содржината на истиот.

За збор прв се јави г-динот Васил Ефтимов, а нека се подготви потоа Љубомир Поповски.

**ВАСИЛ ЕФТИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници, денеска на дневен ред имаме два чувствителни предлог - закони, Законот за постапување со досиејата за лица водени од СДБ и Законот за утврдување на соработката на лица носители на јавни функции со органите на државната безбедност.

Предлогот на Законот за постапување со досиејата за лица водени од СДБ и Предлогот на Законот за утврдување на соработката на лица носители на јавни функции со органите на државната безбедност, заедно со донесениот Закон за денационализација имаат, по мое мислење, историско значење.

Со Предлогот на Законот за постапување со досиејата за лица водени од СДБ, дефинитивно се расчистува со една не демократска и не законита пракса во дејствувањето во службите за безбедност во СРМ за периодот од 1945 година до денеска. Потребата од донесување на овој закон ја наметнува историската нужност за отстранување на неправдите направени од поранешниот систем на определена категорија луѓе, кои идеолошки не се согласувале и политички со тој систем.

Водењето досиеја за лица од политички и идеолошки причини без нивно знаење е спротивно на принципот на владеење на правото и политичкиот плурализам. Со донесувањето на овој закон се прави вистински чекор кон изградување на правна рамка што ќе ја ограничи власта на државата, преку полицијата, да ги надгледува своите граѓани и да ја загрозува нивната приватност. Со неговото донесување се затвора еден историски период од нашиот општествен развој, ослободувајќи не од рецидивот на минатото во поглед на функционирањето на службите за безбедност во нашата држава.

Овој закон не би требало да има за цел одмаздување на неправдите направени во минатото, туку треба да претставува промовирање на една нова практика во функционирањето на МВР во однос на граѓаните. Надзорот над граѓаните е феномен на тоталитарните режими, надзор над нивното однесување, постапување и размислување со цел за заштита на државните интереси, поистоветувајќи ги со интересите на партиската олигархија.

Концептот на националната безбедност, според теркот на партијата на власт, Сојузот на комунисти, се претвори во диктат над граѓаните. Голем број на граѓани на РМ од таквото водење на досиеја од страна на ДБ има непријатности во животот, а голем дел од нив проведоа по неколку години во "Идризово" и на "Голи Оток". Навистина, тоа беше еден мрачен период од поновата историја на Македонија.

Во Република Македонија, претходните 50 години СДБ создаваше и продуцираше непријатели на државата, врз основа на идеолошко - политичка основа, создавајќи голем фонд на податоци за определено лице, систематизирани и водени како лично досие за тоа лице. Во повеќето случаи, тие податоци беа невистинити, собирани од кодоши, луѓе без морал, од различни интереси. За жал, оваа пракса продолжи и после преминот од еднопартиски во повеќепартиски систем.

Основна цел на законот е да се заштитат основните права и слободи на граѓаните, а особено правото на приватност и пристапот.

Воедно, законот има за цел и осуда на една неправда, недемократска и крајно опасна практика на постапување на СДБ, раководена од идеолошко -политички причини.

Со најавувањето на Предлогот на законот во дневниот печат имавме можност да слушнеме различни ставови на граѓаните во државата. Едни го одобруваат донесувањето на законот, а други беа против. Мотивите од кои тргнуваат противниците на овој закон, за мене се неприфатливи. Затоа, јас ќе гласам за негово донесување. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам г-дине Ефтимов.

Збор има г-дино Љубомир Поповски, а нека се подготви Абдулаи Вејсели.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претставник на Владата, потребата од донесувањето на овој закон за постапување со досиеја за лица водени од СДБ, апсолутно не е спорна, лично за мене, а исто така и за СДСМ, така што веднаш на почетокот би сакал да ја коментирам последната изјава на претходниот дискутант дека имало противници на овој закон во државава. И да има, мислам дека се тоа вон, надвор од овие клупи и веројатно некои поединци. Инаку, во целост, нормално со одредени промени, корекции што треба да се направат на законот, за нас, како што реков, законот е сосема прифатлив.

Меѓутоа, има неколку работи за кои што сметаме дека законот и во прашањата што беа поставени до претставниците на Владата во расправата на собраниските комисии, не добивме одговор: Што е причината што законот се носи во една скратена постапка?

Имено, согласно Деловникот за работа на Собранието, членот 316, стои дека ако не е во прашање сложен и обемен закон, овде навистина не станува збор за обемен закон. Меѓутоа, сепак станува збор за сложен закон што има одредени реперкусии, бидејќи се работи за една суптилна, чувствителна материја, како што нагласи и самиот министер за внатрешни работи. Од тој аспект навлегува во сферата на приватноста, на семејниот живот и можни се различни злоупотреби што ќе внесат дополнителна вознемиреност кај граѓаните на РМ, после толку време. Тоа е една од причините, зошто сметавме дека не е оправдана до крај брзината со која што се сака да се донесе овој закон.

Втората причина што ја сметаме за валидна и оправдана, е самиот факт дека законот заслужуваше барем една фаза од 20-30 денови да помине. Дури и нам, како надлежни комисии не ни беше дадено доволно време, во рамките на своите надлежност, со покана на надворешни лица, социолози, етичари, политичари, психолози, историчари итн., кои би ги дале своите мислења, ставови, би се фрлило светло на сите сегменти од самата материја на законот. Така што, мислам дека и овој пат изостана едно поактивно вклучување на овие научни институции од типот на ИНИ, МАНУ, на специјализираните универзитетски институции и институти и од тие причини сметавме дека евентуалното набрзина донесување на законот, без доволно прецизирање на неговите одредби, може да донесе или да го направи доста неприменлив во самата пракса, па дури да има и одредени последици, подеднакво и за самите граѓани, но и за самата служба, односно СДБ и контраразознување, па во целина и на самиот орган, вкупното Министерство.

Имено, кога нешто поконкретно би се впуштиле во расправата по законот би дошле, можеби, до клучната одредба од законот, тоа е членот 11 каде што стои дека МВР, пред да го дозволи пристапот и увидот во личното досие, во досието ќе ги направи нечитливи податоците за службените лица кои работеле на формирањето на досието, како и за лицата кои на СДБ, односно ДБК и давале информации при формирањето на досието.

Овој став, морам да признам, за мене е во една контрадикторност со воведот на законот, во делот на законот, така што причините поради кои овој закон се носи, а за кои што мислам министерот ги спомна, тоа е да се прекине една недемократска, во секој случај и јас така мислам, недемократска пракса, меѓутоа, втората реченица или вториот збор е незаконита. Сега, што правиме?

Со членот 11, фактички ги заштитуваме сите службени лица кои правеле досиеја во тој период за луѓето, дури сметам дека тие, со тоа што се прават нечитливи, никогаш нема да дознаеме кои се тие службени лица кои работеле во овој период и правеле такви досиеја.

Значи, доколку станува збор за незаконита, а веќе така ја квалификуваме таа дејност, тогаш нормално треба да се предвиди и некоја одговорност за тие лица.

Ставот 2, од истиот член, во него се вели дека по посебно писмено барање на подносителот ќе се информира за имињата на лицата од став 1 на овој член, доколку врз основа на списите во досието, може да се утврди нивниот идентитет.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Сега другиот став таа работа веќе ја ублажува, значи од првиот став каде што се прават нечитливи, сега вториот став дава можност ако се дојде, со евентуална технологија, методологија итн., да се дојде до тоа кои се тие имиња, односно кои ги правеле тие досиеја. Мислам дека тука имало проблем односно како тој проблем да се издефинира, изнијансира, да бидат постигнати две цели. Во една насока да се заштитат така да кажам условно креаторите на досиејата, а во тие рамки и семата служба за државна безбедност како надлежен орган, заради тоа што практиката

покажува дека во последно време, врз основа на сознанија се помалку и помалку луѓе се спремни да соработуваат, дури би рекол можеби и од патриотски причини, за потребите на Службата за државна безбедност. Тоа значи ако сега тие бидат објавени, сигурно тоа ќе делува демотивирачки, дестимулативно, ќе опаѓа бројот, количината и квалитетот на информациите кои ќе се добиваат. Меѓутоа, од друга страна, исто така е недозволиво тие да останат во некоја рака неказнети, бидејќи станува збор за една незаконитост, како што се тврди во законот.

Значи, тука имаме едно двојство и до крај нерешителен став околу однесувањето и во тие рамки вие ќе видите дека ние неколку пратеници од пратеничката група на СДСМ, даваме еден дополнителен амандман кој ќе мора да му даде право на правна заштита на оној кој што врз основа на тоа ќе се утврди, ќе се идентификуваат сите тие кои биле носители, творци на тоа досие, да бидат спомнати некои лица, да има право врз основа на тоа да има увид и тој што бил спомнат во тоа досие за да може да бара правна заштита, затоа што може едноставно да станува збор за некои неосновани клевети во самото досие и за да може тој едноставно да си бара правна заштита. Мислам дека тој амандман, ако се сака да се прочита во онаа намера во која што ние го даваме, во вистинската намера, мислам дека треба да биде поддржана од претставниците на Владата.

Да не должам многу, бидејќи е краток законот во смисла на неговите одредби, а велам дека е доста сложен, кој може да има одредени последици во примената, впрочем, ќе бидеме сведоци на тоа, јас би сакал сепак на крајот на претставникот на Владата да му поставам неколку прашања кои и во расправата на Собранието се поставуваат, а и македонската јавност со право ги поставуваше, додека се најави донесувањето на овој закон.

Првото прашање: Кои се вистинските цели на донесувањето на овој закон и дали со него се има условно да кажам чесни намери или е во прашање нешто друго. Тука сакам да имаме јасна и децидна изјава од пратставникот на Владата.

Второ, да се објасни со кои одредби од Предлогот на законот се нормира дека Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање нема повеќе да води вакви досиеја.

Трето, да се дефинира што се подразбира под политички, а не под идеолошки причини.

Четврто, бидејќи, слушнавме најразлични податоци во последно време, на пример во почетокот се манипулираше или се вртеше во јавноста дека станува збор за 14,5 илјади такви досиеја. Пред некој ден на Собраниската комисија со која јас раководам претставникот на МВР, спомена дека станува збор за седум илјади. Сега имаме една изјава во воведот на министерката станува збор за десетици илјади. Мислам дека јавноста треба да знае точно со кој број располага Службата за државна безбедност за вакви лични досиеја.

Понатаму, мислам дека до крај, иако може да биде јасно во одредбата да се објасни кои се надлежностите на Комисијата парламентарна, што ќе биде според член 14, односно, дали е соодветен нејзиниот назив, а мислам дека е посебно важно да се конкретизираат нејзините надлежности и да се прецизираат, особено околу нејзиниот состав. Ние дури сакавме во Законот тоа да го предложиме, меѓутоа, се смета дека тоа треба да биде со Одлука на Комисијата за избори и именување. Во секој случај, мора да биде паритетен, со исти претставници на опозицијата и позицијата и одреден број на неутрални лица однадвор, претставници на научни институции и институти и особено од аспект на нејзино непречено контролирање врз целокупната постапка за спроведување на Законот - се мисли на ова Парламентарно тело.

Тоа би било накратко, повеќе во вид на прашања и да резимирам, ние сепак сметаме дека има потреба овој закон токму заради овие неколку прашања кои ги поставив и некои дилеми кои се јавуваа во досегашната расправа, цениме како пратеничка група дека би било подобро тоа да биде во две фази. Мислам дека тоа ништо не може да - ќе ја симне сенката од пребрзото донесување на овој закон. Ние навистина не ги гледаме вистинските причини за тоа, но тоа да се случи после еден месец, два итн. Вака мислам дека не доведувате во сомнение или потсомнение целокупната добра намера на законодавецот, односно на предлагачот на законот, дали не се во игра и некои други мотиви од политичка природа зошто тоа на некој начин се брза, а особено мислам во врска со вториот закон, за кој исто така ќе дадеме свој коментар, кој што имајќи го предвид непосредно пред локалните избори.

Меѓутоа, ако мнозинството смета дека тоа мора така да оди, ние немаме друга можност освен да инсистираме барем на овие неколку амандмани, кои се во функција на подобрување на квалитетот и прецизирање на одредбите кои мислам дека ќе го направат поприменлив и евентуално да амортизираме некои негативни реперкусии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубомир Поповски.

Има збор госпоѓата министер за внатрешни работи Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Прво нека се искажат повеќето пратеници, јас подоцна ќе се вклучам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Абдулади Вејсели, а нека се подготви господинот Ѓорѓи Котевски.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата. Мислам дека за донесување на овој закон причините се јасни и без оглед на се, мислам дека се добронамерни. Не станува збор за еден обемен и сложен закон, мислам дека Пратеничката група на ПДП ќе го прифати овој Нацрт на закон така како што е предложен во скратена постапка.

Отворањето на денешната расправа по предлогот за донесување на закон за постапување со досиеја на лица водени од Службата за државна безбедност, мислам дека со години се чекаше, цели десет години, додека во другите источноевропски земји благовремено беше усвоен. За жал, кај нас тоа не се случи и моравме да чекаме многу години за да биде на дневен ред денес на оваа седница на Собранието. Нема сомнение дека тоа е добар потег кој треба да се поздрави и да се поддржи овој предлог што е денес. Ова го велам заради фактот што со овој закон ќе се направи обид за исправање на историските грешки направени кон еден дел од населението кој беше под третман на службите на државната безбедност, односно дел на граѓаните на оваа држава кои на секој чекор беа следени односно во континуитет на полициски третирани од еден тоталитарен режим, кој до таа мерка ја димензионираше својата дејност, следејќи го однесувањето на граѓаните кон тој режим, на таа категорија на граѓани кои се одделуваа според нивната идејна и политичка определба наспроти партијата на власт, независно од нивната национална припадност. Тоа значи дека секој граѓанин кој имаше свое убедување спротивно на Партијата на власт, немилосрдно беше третиран од службите на државната безбедност.

Факт е дека голем број луѓе неправедно се земени на одговорност, биле малтретирани и казнети само заради нивното идејно и политичко убедување, па дури и за банални работи како на пример заради читањето на една книга, изречен збор или искажана мисла. Дури, бројот на оваа категорија луѓе растеше загрижувачки, особено во последните години пред распадот на тој тоталитарен режим и систем на уредување на таа поранешна Југославија. Но за жал, дури и потоа, покрај усвојувањето на новиот Устав на Република Македонија, како и прогласувањето на независноста на Република Македонија, наводно и покрај реформските чекори на државната безбедност која се трансформираше во Дирекција за безбедност и контраразузнавање, и понатаму имаше следење на граѓаните и нивните политички постапки, што беше спротивно со законот и Уставот. Мислам дека сега е моментот со усвојувањето на овој закон, односно со демистификацијата на досиејата врз идејна или политичка основа, граѓаните кои имале или се уште имаат такви досиеја да можат да дојдат до нив и ако има невистини да можат да бараат тие да се отстранат. Тоа значи на ваков начин ќе се обезбеди приватноста на граѓаните во Република Македонија.

До сега беа следени или полициски третирани тие граѓани кои селективно се определуваа според критериумите на тој поранешен тоталитарен режим, кој по секоја цена бараше да најде внатрешен непријател. Тоа значи бараше и таму каде што немаше. Со ваков пред текст може да се наведат повеќе примери, како што беше земањето младинци од училишни клупи на различни категории интелектуалци кои диференцираа и добиваа затворска казна само заради фактот што имаа друго политичко убедување. Во овој момент не може да се предпостави во колкава мерка овој закон ќе може да возврати, да ги рехабилитира тие луѓе, да ја компензира сета таа неправичност кон еден дел на граѓаните. Значи, сепак, мислам дека со донесувањето на овој закон *ќе* им се

овозможи на тие граѓани кои имаат досиеја да дознаат како се настанати тие, според можностите да откријат кои биле информаторите, кои информирале, дали тие информации кои ги поседува Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање се верифицирани, но ако тие не се верифицирани, да може да бараат нивно бришење.

Мислам дека со донесувањето на овој закон ќе се отстранат сите претпоставки за натамошното загрозување на личниот интегритет на одредени граѓани, кои во минатото биле обесправени само заради тоа што не се согласувале со тогашното системско уредување. Со овој закон ќе се оствари првиот чекор кон изградувањето на правната рамка, која ќе ограничи остварување на полициска контрола, на нивните служби и органи врз одредени граѓани, кои нема да се согласуваат со политиката на партиите на власт, со кои истовремено ќе се зачува приватноста на граѓаните, а со тоа ќе се ослободиме и од рецидивите на минатото во поглед на функционирањето на органите на безбедност. На тој начин, ќе се овозможи пристап кон досието да се види колку е почитуван законот, Уставот, правата и слободите на граѓаните, како се настанати тие досиеја, врз база на кои информации, каде се наоѓаат и други подробности.

Што се однесува до овој предлог на закон, мора да се наведе дека со него е предвидено на некој начин и прикривањето односно заштитувањето на информаторите. Со самиот факт дека нивните имиња ќе се избришат, јас мислам и сум на мислење дека сите имиња на информаторите треба да им бидат познати на заинтересираните граѓани кои имаат досиеја, едноставно заради фактот што ниту Владата, ниту ресорното министерство, ниту Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање не треба да се плашат од тој и таков потег, дека службите ќе останат без соработници, бидејќи правдата ќе ги задоволи, а ваквите неправди не треба да се повторат во иднина. Впрочем, слушаме и такви изјави и сме сведоци на такви изјави дека понатаму нема да има досиеја на граѓаните заради нивно политичко убедување, па токму затоа такви информатори, досегашни идни, нема да им бидат во корист на безбедносните служби или поточно, нема тие побитно да влијаат врз безбедносниот систем на државата.

На мислење сум дека треба да се искористат искуствата на некои источноевропски земји во транзиција кои до крај ги обелоденија имињата на информаторите и по мое мислење тоа нема да создава некакви турбуленции во државата. Со откривањето на нивните имиња, еднаш за секогаш ќе им ставиме крај на вакви соработници на безбедносните служби, кои со нивното наводно информирање само ги етикетирале одредени граѓани за ситни и лични интереси, односно информирале изопачено, поради што многу луѓе поминале низ разни животни драми. Впрочем, веќе некои такви имиња циркулираат во јавноста преку разни публикации и книги што се печатат во последно време, а дали се точни или неточни тие информации, знаат само авторите на тие книги.

Значи, ние го поддржуваме овој закон за досиеја од едноставна причина што досега во негово отсуство многу граѓани биле злоставени и тероризирани, па затоа да им овозможиме ако не некаква рехабилитација, тогаш во најмала мерка да можат да дознаат кои биле тие луѓе кои го загрозувале нивниот личен човечки интегритет, поради нивното човечко или политичко определување. Според овој Предлог на закон им се овозможува на сите граѓани кои имаат досиеја да имаат можност да можат да побараат од соодветното министерство увид во нив.

Меѓутоа, јас имам и мој личен предлог во врска со ова, а се состои во барањето соодветното министерство да се ангажира, виза ви сите случаи на постоење на досиеја, граѓаните да можат да се информираат дека постојат досиеја за нив, а потоа самите граѓани нека одлучат дали сакаат да вршат увид или не сакаат тоа да го направат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

Уште три пратеници се пријавиле за дискусија.

Дали се согласувате да го ислушаме излагањето на господинот Котевски, па потоа да одиме на пауза што е утврдена од претседателот или да ги слушнеме уште тројцата пратеници.

Прво, да го слушнеме излагањето на господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, почитуван претставник на Владата,

почитувани новинари, денес разгледуваме еден закон, иако е во скратена постапка, сепак е од суштинско значење за Република Македонија. Мислам за Република Македонија од нејзиното осамостојување до денес, не сметам на оној дел кога Република Македонија беше во рамките на СФР Југославија. Ова сакам посебно да го истакнам, затоа што во врска со овој закон, во комисиите што го разгледуваа на своите седници беше разгледувано едно посебно прашање, покрај идеолошкото и политичкото. Јас на самиот почеток нема да зборувам за тој дел, малку подоцна ќе дообјаснам попрецизно, меѓутоа, сакам да кажам зошто е многу битен и многу важен за Република Македонија овој закон и дали со овој закон ние во суштина исправуваме една капитална грешка од минатото и дали тоа на Република Македонија имало и има огромни последици за денешната состојба на популационен план и на демографските движења во нашата држава. Сакам да истакнам дека на тој начин што се водеа досиеја од страна на службите задолжени за таа намена во поранешна Југославија и во тогашна Република Македонија доведе до една несакана последица за која на просторот на нашата држава се направи огромна катастрофа. Тој притисок по било кој основи, политички, идеолошки, дури ако сакате и незнаени неписмени грешки на луѓето, заради незнаење, неукост беа осведочувани како противници на државата, на уредувањето на комунизмот и тие на некој начин мораа да бараат спас надвор од нашата матична држава Македонија. Ова не случајно го истакнувам. Ние со овој закон нема да ги вратиме тие луѓе што се иселија надвор од Република Македонија, но денес е добар ден да кажеме за најголемото зло што ја снајде Република Македонија во тие 50 години од владеењето на тој поранешен систем, затоа што чинам дека Македонија ги претрпе најголемите штети и Македонија е нај раслоената Република од поранешна Југославија, која денес има таква катастрофална состојба со иселеништвото надвор од Република Македонија. Вие можете да се потсетите или да се потсетиме сите заедно на тоа зло што го направија тие служби, затоа што беа држава во држава. Тие на некој начин сите неистомисленици под принуда, под присила, под закана на неколку методи успеаја да ги протераат од нашата држава. Некои завршија на Голи Оток, целосно не враќајќи се оттаму, некои завршија во "Идризово" со ментални маани, со физички недостатоци и ден денес опстојуваат како прави авети во државата. Но третите завршија со целосно бегање преку граница, а тоа е карактеристичен случај за Битолско - Мариовскиот крај на Република Македонија, од каде што се започна циклусот на масовно иселување од државата и денес тој крај Мариово и Битолско е нај опустошениот дел со иселеници во прекуокеанските земји, а тоа го направија луѓето кои пребегаа преку граница, беа принудени да бегаат во Грција, да бидат прифаќани во логорот "Лаврион" и оттаму да бидат пренесувани во разни земји, Австралија, Канада, Америка, и ден денес останаа таму, а нивните семејства беа депортирани во други градови на присилна работа, на разни тортури, на разни ѕверства, за кои навистина немам збор да кажам дали сопствениот род, сопствениот народ може толку зло да му нанесе на својот род. Тоа е навистина една жалосна слика, јас мислам дека во државата во Република Македонија после донесувањето на овој закон, треба да се издаде една книга како едно големо сведоштво за геноцидот на Македонецот или на таа власт врз Македонецот, за да се знае и да трае и да знае секој народ што му се случи во тоа педесет годишно владеење на тој систем и на таа олигархија, на таа држава во држава, државната безбедност правеше пустош во Република Македонија, за да знаат идните генерации што ми се случи и зошто ние Македонците треба малку повеќе да размислуваме од сите други овде на Балканот, затоа што во повеќе векови ние сме делени, распарчувани, но иако, сега да преминам на второто прашање.

Иако се надевавме дека со повеќепартискиот систем ќе добиеме навистина демократија во државата и дека со донесувањето на Уставот од 1991 година овде се радувавме како мали деца дека носиме граѓански Устав, во кој ќе се почитуваат граѓанските, слободарските права, правото на вероисповест, на слободна мисла итн., ние се соочивме со една друга тортура.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Од 1991 година, ние добивме тортура на политичките противници директно во Парламентот. Јас сум еден од тие жив сведок за кој беше вршена тортура на различни основи. Ми беше запалено возилото пред мојот дом. Ниту една од информативните куќи не дојдоа да

ме интервјуираат, да ме прашаат зошто е тоа направено, ниту да се потегне во јавноста како чин на тероризам, како чин на насилство на еден официјален претставник во македонското повеќепартиско Собрание. Тоа апсолутно не беше сторено.

Исто така со разни хајки се правеа вештачки судења, тортури преку адвокати за на крајот и јас прв пат овде навистина сакам да кажам и имам храброст да потенцирам. После 1991 година, за жал, и на пратеници им се случуваше тоа во кафето или во пијалоците да им биде поттурано разни чудотворни материи за да се уништат таквите лица, кои на оваа говорница зборуваа отворено за одредени прашања и проблеми во државата, затоа што нивната опција не победи, туку победи опцијата за самостојна и независна Република Македонија.

Сега ќе одговорам зошто и на Комисијата за внатрешна политика и одбрана беше поставено прашањето идеолошки да одговара во членот 2, одредбата идеолошки одговара, но политички треба да се дефинира во овој закон и комисиите да потврдат и утврдат што е тоа политички ставено во овој член.

Сакам ова искрено да го кажам и сосема ќе бидам јасен. Значи, било какво оправдување да бараме или да не бараме до 1991 година има и морално и материјално и било какво оправдување за тортурите што ги вршеа врз луѓето затоа што во таа држава имаше Устав, постоеше закон и врз основа на тој Устав, на тој закон работеа тие служби и тие луѓе беа малтретирани, убивани, протерувани од Македонија итн. Но, после 1991 година кога се договоривме овде со консензус во државата дека носиме граѓански Устав и правата се загарантирани на граѓаните на Република Македонија. Тоа мора јасно да се проговори и по важењето на овој закон мора да издадеме точно кој луѓе од политички аспект директно се контролирани, се шпијунирани и се правени разни зло дела. Затоа велам до 1991 година може да важи тој идеолошки дел сосема оправдано, но од 1991 година е вториот политички дел за кој мораме да ставиме акцент. Тоа е она за што ние зборувавме потполна демократизација во Република Македонија, потполн израз на мислата за да можат луѓето да размислуваат, да можат да доаѓаат до нови креации, да можат во својата земја да творат, да не бараат спас во прекуокеанските и западните земји, да не ни се одлеваат кадрите по било која основа иако овде се школувале. Сето тоа придонесе ова што се случува и до ден денеска.

Затоа ве молам почитувани претставници на Владата по 1991 година ние навистина јасно и отворено треба да ги наброиме сите овие неправди што ни се случија и што не задесија и што ни направија големо зло како луѓе избрани од народот и со чиста мисла, со чист дух, со јасна свест дека Република Македонија ја водиме во едни други рамки каде ние навистина заслужуваме како Македонци, а не да бидеме третирани како бело робје да бидеме протерувани од Македонија и денес (пратеникот емотивно застана, не можеше понатаму да продолжи, имаше реакција од страна на пратеникот Сејфедин Харуни), да ќе ти кажам зошто се изгубив г. (Вежикоња), затоа што јас денеска имам над 100 семејства од моето село и над 100 роднини во Австралија со кои не можам да се видам. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ѓорѓи Котевски. На ред за дискусија е г. Златко Стојменов, меѓутоа, почитувајќи ја одлуката на претседателот да се дава пауза во 14,30 часот, колеги пратеници да бидеме точни и да продолжиме со работа во 16,00 часот (реакција од пратениците), добро нека биде до 15,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,45 часот).

(По паузата, Парламентот почна со работа во 16,00 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Господа пратеници, за збор се јави г-динот Златко Стојменов.

Нека се припреми г-динот Аце Сајковски.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Предлогот на законот за постапување со досиејата на лица водени од Службата за државна безбедност, со Предлог на закон, ќе го почнам со една мисла од минатото, искажана уште од времето на Марко Аурели, која гласи "ако заденеме кавга меѓу минатото и сегашноста ќе согледаме дека сме ја изгубиле иднината". Со тоа сакам да кажам дека навистина, ние денеска треба да се

занимаваме со минатото. Тешко е во секоја ситуација, кога во некоја актуелна состојба, треба да се занимава со минатото, бидејќи тоа е време, кога е одминато времето за правдата, за вистинската реакција и за вистинските акции, на актуелните актери на размислувањето и на дејствијата. Со тоа сакам да кажам дека, навистина во светот, процесот на тоталитаризмот, на монизмот, распад-от на Советскиот сојуз, распадот на СФРЈ, распадот на Чекословачка, формирањето од тие држави нови држави, на нови системи, беше многу порано, некаде 1990 година и мислам дека ние денеска сме во 2000 година, донесуваме еден закон со големо доцнење.

Сметам дека овој закон требаше да се донесе многу порано, да кажеме, во периодот, кога се формираше и конституираше самостојноста на РМ, се уште, може имаше доста емоции, силни чувства, можеби беше тој поемотивен период, веднаш по формирањето и конституирањето на РМ, веднаш тогаш требаше да се отворат досиејата, така да сметам дека овие досиеја требаше да бидат отворени меѓу 1994 и 1996 година. И тука им беше историско место.

Со тоа, мислам дека една генерација, која во голем број се најде во владеачките структури и во периодот на едноумието и монизмот, а подоцна се најде и во структурите, во плурализмот и на демократските општества, ќе покажеше голема историска доблест и политичка зрелост, ако го направеше овој чекор тогаш, а за оваа наша генерација во 2000 година, ќе останеше една обврска помалку, да се занимаваме со минатото, како што кажува и почетната мисла.

Јас навистина сметам дека денешната генерација, требаше повеќе да се занимава со атланските интеграции, со реформските зафати и со градење на нов вид општество, а ова да се свикаше пред повеќе години во многу држави кои произлегоа од тие комунистички држави. Оваа ситуација остави една неправедно бреме и обврска, за денешната генерација што е неоправдано, за еден долг период на владеење и не донесување на овој закон. Најмногу што ќе направеше тогаш, и сега овој закон е давање на таа морално етичка сатисфакција на оние што биле гонети. Многу од нив, можеби не се веќе живи, бидејќи тој е долг процес, од 1945 година до денеска. Меѓутоа, посебно е карактеристично и можеби посебно треба да даде морално етичка сатисфакција, да покаже разбирање за луѓето, за оние членови на фамилиите, кои биле прогонети. За жал, во текот на едноумието, освен што беа прогонувани, следени и обработувани луѓето, со активност со различни идеи, како политички различни идеи, прогонувани беа од идеолошки различни причини, меѓутоа и нивните семејства, нивните роднини, исто така беа следени, прогонувани. На многу од нив, навистина, им се направени големи штети, во текот на нивниот живот и кариери, бидејќи многу од нив беа прогонувани со години и години, околу 20 до 30 години, а знаеме во еден таков временски период, што значи за една кариера. Замислете, некој бил само член на фамилија и тој бил на ист начин репресиран.

Стапицата на овој закон, ја гледам во тоа што беше спомнато во неколку наврати на Комисијата и од претставниците на Владата, и дел од пратениците, околу реваншизмот.

Навистина, целта не е да има реваншизам со законот. Има консензус околу ова прашање и ние, секогаш, како луѓе кои го донесуваат законот, кој зборуваат за него, размислуваме за таа стапица и не сакаме овој закон да стимулира реваншизам. Меѓутоа, се плашиме од друга страна и сакаме овој закон да донесе рестрикции на вистината. Навистина, тоа да биде една средина на овие две опции, бидејќи сметам дека вистината е најважна, нема алтернатива и мислам дека е една од водачите на идејата за отварање на досиејата.

Ова го зборувам, бидејќи во комисијата се јавија некои објаснувања, дека треба да се избрише делот, каде што се зборува за откривање на податоците, на поткажувачите, што за мене, навистина е неприфатливо, бидејќи, никој од нас нема право да опструира и да ја супримира вистината од една страна, немаме право да го скратиме правото на прогонетите, за такво нешто, а во актуелниот момент имаме примери на многу отворени, демократски општества, каде што излегуваат навистина големи афери, меѓутоа, не се застанува зад вистината. На пример аферите на американските претседатели и слично.

За мене, овој закон, кој го донесуваме, треба да извлечеме сите една поука. Една политичка поука, бидејќи овој закон не враќа на тоа дека, сепак, во еден период, се имало еден екстремистички начин на размислуваше, со вклучување на други политички опции, бес свест, за различни мислења, за мислење на другите, за друг систем на гледање, како во политиката, така и во животот. Оваа поука ја влечам до

денеска, бидејќи јас, како единка, јас лично чувствувам, дека се уште има рецидиви, индивидуи, од таквиот начин на размислување и во денешното општество, кај многу поединци, кај многу партии и т.н.

Меѓутоа, кога мислам на тоа мислам на исклучивоста, во политичкото мислење, во немањето чувство за мислењето на другите, немањето волја за дијалог и слично.

Кога зборувам за поука, сепак овој закон да биде поука за сите нас, кон лојалност на сите субјекти во политиката, кон принципите на демократијата, плурализмот и слично.

Мојата порака од говорницата, до Министерството за внатрешни работи, во однос на овој закон е сличен на она што го кажав на комисијата и мислење кое би го порачал и на други министерства, кои во оператива спроведуваат закони, а тоа е следното: Сметам дека Министерството за внатрешни работи треба посебно да се ангажира, во надминување на оној бирократски момент, во контактот на оштетените граѓани и луѓето вработени во Министерството за внатрешни работи, посебно што се работи, за луѓе, кои ќе остваруваат само права, а од ова нема да добијат навистина никаков интерес. Затоа, овој апарат, комисии и слично, особено Министерството за внатрешни работи, треба да биде отворено, да има лесен пристап граѓанинот и лесен контакт со тие луѓе и навистина, тие луѓе да не се луѓе со бирократски однесувања.

Со тоа и државата ќе покаже, една вистинска, добра намера кон нив, оперативно, на самото место и кооперативност со тие граѓани.

Со периодот на следењето на луѓето, заради различни политички идеи, заради различно политичко дејствување, заради различно размислување, а како што кажав, многу луѓе кои биле невини, имало и превентивно следење, што е уште пострашно, многу кариери биле уништени, многу животни судбини биле изменети и тоа е тој неповратен, трагичен момент, од целата оваа ситуација, што нема да го надоместиме никогаш со законот, меѓутоа, со овој закон, морам да кажам дека биле градени кариери, остваруван аполитичка и друга моќ, и остварувани разни општествени привилегии.

Јас верувам дека досиејата тоа ќе го покажат, зашто тоа се познати работи од тој систем, што постоеше.

Јас ќе ја злоупотребам говорницата, да кажам еден пример од времето на Наполеон. Имено, кога бил во најголема моќ, кога имал најголема империја, во периодот не посредно по најголемите битки, кај него дошле двајцата најголеми генерали и му рекле дека пред вратата е човекот, кој е најзаслужен за победата во неговите најголеми битки, кој тој ги победил, човекот, кој бил шпијун, кој ги кажал разместувањето на трупите на противниците на позициите на војниците и е многу заслужен за победата на Наполеон Бонапарта.

Големиот император и војник, тогаш рекол: "Еве две вреќи злато, платете му, а императорот него нема да го прими". Значи, уште тогаш имало некоја етика кон тој тип на луѓе.

Инаку, за самиот закон, за предлозите што паднаа овде, сакам да кажам дека постапката не треба да оди во две фази. Сметам дека е доволно во една фаза. Мислам дека нема идеален текст, кој што ќе го составиме за било кој закон, па и за овој закон, меѓутоа мислам дека овој текст е добар и дава доволно простор, за да се откријат тие досиеја, а сметам дека досега за овие десет години, кој ги кажав од 1990 година до 2000, значи, последните десет години од минатиот век, имаше доволно време и за акции, и за активност на јавните институции, и за јавното мислење, така што, мислам дека доста беше одлагање за ваква работа, и затоа мислам дека треба да оди законот, треба да оди на оваа седница, да биде предлог законот и текстот изготвен да оди, а околу тој член 11, имаше различни мислења, имаше мислења тој став 2 да се избрише, воопшто да не се кажуваат имињата на тие луѓе поткажувачи и на службените лица, тоа не треба да биде, тоа е нешто што го кажав во име на вистината.

Исто така, сметам дека процедурата овозможува, оштетените лица да ги знаат луѓето кој ги давале информациите, а сега, околу некои подобрувања, тука е претставникот на Владата може да се разговара.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на гд-инот Златко Стојменов

За збор се јави г-динот пратеник Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Предлог Законот за обелоденување на досиејата, отворани од злогласената УДБА, за Македонија многу значи. Значи, завршување на еден период,

кога Македонскиот народ и сите граѓани, кои посакувале слобода, демократија по своето мислење, тоа денеска го остваруваат.

Завршува еден период, кој значеше ограничување на човечката размисла.

Меѓутоа, овој закон, јас го гледам во две фази. Покрај значењето за Македонската држава, тој е многу значаен и за македонската историографија.

Од овој миг, не само што ќе се отворат досиејата, за периодот по Втората светска војна, ќе се отворат многу нови страници, за историјата досега непознати за јавноста, за човечките судбини, за омаловажувањата на страдањата, за затворите и за многу несреќи, на нашите граѓани.

Значајноста за историчарите, е од посебна важност, затоа што веќе ќе се заокружи едно сопствено гледање за сопствената Македонска историја. Нема повеќе никој друг, да ни ја креира историјата, туку ние ќе ја креираме и ние така ќе ја сервираме во светот, по која ќе не препознава светот. Светот ќе ја учи нашата историја, а не историјата некој друг што ќе ни ја пишува нам.

Овој закон е дотолку позначаен, затоа што се ослободуваат луѓето, кои страдаа во овој период, луѓето кои беа попреку гледани од соседите, со закани гледани од оние, од кој беа истражувани. Сите тие нека стојат пред нивната совест и нека ги истоштува докрај. Ние не сакаме никого да омаловажуваме, на никого да не вршиме освета. Совеста нека ги најде онаму каде што се, ако имаат совест.

Меѓутоа, уште позначајно е тоа, што новите генерации што доаѓаат, ќе знаат што се случувало и ќе бидат поборници, за никогаш повеќе да не се повтори. Македонската држава го направи најсветото, што можеше да го направи, за овој период, не само за овие педесетина години што ќе се отворат архивите, туку ќе се отвори вистината за Македонската историја засекогаш. Многу значајно и битно ќе биде и за генерациите за оние кои поткажуваа и за оние закони се договараме, како ќе бидат обелоденети тие. Меѓутоа, за нивните деца, за децата на поткажувачите, за децата на инспекторите, многу е битно и тие да ја сфатат вистината до крај и да застанат на вистинскиот пат. Времето минато, веќе останува во заборав. Нека биде регистрирано до историјата и нека биде поука, никогаш да не се повтори. Овој закон, се донесува, благодарение на политичкиот плурализам, на промените што дојдоа во Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри. Денеска расправаме за еден многу важен закон, тоа е Предлог за донесување закон за постапување со досиејата на лица водени од Службата за државна безбедност.

Очигледно дека секој еден пратеник, бидејќи се работи за многу чувствителен закон, а самиот закон што во еден член, мислам дека вели дека ќе важи по нашето гласање од 1945 година па се до денот кога ќе се гласа во Собранието.

Меѓутоа, јас сакам да изнесам некои работи за законот, иако е многу чувствителен и суштински, тој има мал број на членови, меѓутоа, мислам дека иако има мал број на членови тие се суштински, но предлагачот, мислам дека не водел доволно сметка за сето тоа што Службата за државна безбедност го имала како предмет на обработка.

Иако во законот стои дека од 1945 година, па до денеска, мислам дека предмет на рутинирани анализи, биле граѓаните на Република Македонија и тоа во неколку фази.

По ослободувањето од 1943 година, голем број на граѓани и тогаш, по нивно убедување биле ликвидирани и мислам дека за таквите луѓе веројатно има досиеја и веројатно треба да се знае, каде се тие погребани. Значи, имаме фамилии, кој не ги знаат нивните гробови. На ова мислам дека треба да му се даде одговор.

Кога сум тука, периодично да се оди, по 1945 година, следи информбирото, кој без разлика на национална припадност на граѓаните на Република Македонија, биле изложени на некое туторство и не е непознат за сите нас "Голи оток". Јас мислам дека многу луѓе и фамилии исто така биле под рутинирана контрола од страна на Службата за безбедност. Одговор на ова прашање, вероватно е тешко да се даде, меѓутоа, ние сме претставници на граѓаните на Република Македонија, а тие граѓани се наши избирачи. Вероватно од овој закон очекуваат нешто повеќе, не само морална сатисфакција.

Кога сме овде, јас почнав со години. Албанците не ги заборавиле годините 1968 година во таа СФРЈ. Сведоци сме на

политиката на тогашниот Рановиќ, кој уништуваше цели фамилии и за жал, Македонија беше членка на таа СФРЈ. По 1968 година, годините по 1981, кои за идеолошки убедувања, голем број Албанци и други граѓани на РМ, беа под контрола на Службата за државна безбедност и дури нивните фамилии или децата на таквите родители се третираа како непријатели на државата.

Мислам дека не е доволно за нивните фамилии, само да се каже дека бил родителот грешен, или не, туку тие фамилии и ден денеска не можат да кренат глава, заради тоа што ги третирале, како непријатели за државата. Тука не би се согласил, кога законодавецот вели дека законот ќе важи до денот, кога ќе се гласа во Собранието, бидејќи РМ од 1991 година е независна суверена држава и сега имаме еден друг метод на работа, за жал, јас мислам дека и Собранието и министерот треба да размисли, бидејќи ако во СФРЈ, некој командуваше со другите држави, мислам дека од 1991 година, ние бевме тие, кои што ги решававме проблемите меѓу нас.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

А за жал и после 1991 година се прислушкуваа одредени интелектуалци и политички партии и лидери на партии, кога веќе сите тежнеевме кон демократија, кон Европа. Мислам дека и за овие луѓе нема да биде доволно само морална рехабилитација.

Јас верувам во тоа дека законодавецот, односно Владата размислила и за други можни опасни работи што можат да се случат после отворањето на досиејата, меѓутоа незнам какво оправдување ќе имаме пред фамилиите и децата кои навистина биле малтретирани, третирани како луѓе непријатели на државата, а во случајот тие испаднале невини и воопшто не биле виновни за она што биле предмет на анализа.

Се согласувам дека Законот требаше да се донесе уште порано. Не сум од онаа група кои мислат дека Законот требаше да се носи во две фази, меѓутоа, свесен сум за тоа дека одредени досиеја се поништени и незнам дали Службата за државна безбедност вршела добра работа кога веќе поништува досиеја кога сама ги отворила.

И не сум за тоа да се избришат имињата на оние службеници кои воделе досиеја, бидејќи ако тие ги воделе досиејата за одредени граѓани, а тие граѓани биле вмешани во разни непријателски дејности, јас мислам дека треба да стојат и таквите имиња, бидејќи многу пати во пракса се случувало таквите инспектори, или како би ги нарекол ако од погрешни информатори, не го употребувам познатиот збор меѓу граѓаните, меѓутоа ако добиле погрешни информации односно намерно некој интелектуалец го малтретирале или сакале целосно да го уништат јас мислам дека судските органи имаат и такви решенија за одреден број на граѓани што докажале дека не биле виновни. Мислам дека вината треба да ја сноси некој во Службата за државна безбедност.

Да не одолговлечувам затоа го поддржувам законот и тоа по брза постапка и мислам дека недоволно е само да се извиниш на човекот кога си му нанел толку штета, цели фамилии не можат глава да кренат, бидејќи ги сметале службите за државна безбедност како непријатели на државата. Сега доаѓа време да се отворат тие досиеја и само со едно извинување јас незнам каде е психолошкиот момент тука, каде се малтретирањата, каде се изолациите на тие фамилии кои што навистина не можеле да бидат рамноправни меѓу своите сожители, односно сограѓани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господин Оломан Сулејмани.

Има збор господинот пратеник Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине потпретседателе, почитувана господо, почитувана министерке. Законот за постапување со досиејата на лицата водени од Службата за државна безбедност кој беше најавен пред една година денеска е пред нас. Според мене сите треба да гласаме за овој закон, се разбира освен оние што ја имаат "мувата под капа".

Сакам да ја поздравам Владата, особено Министерството за внатрешни работи, затоа што по Законот за постапување по досиејата за лица водени од СДБ, прави чекор кон изградување правна рамка која ќе ја ограничи власта на државата преку полицијата да ги надгледува своите граѓани.

Мислам дека донесувањето на овој закон е историска нужност за отстранување на неправдите направени во минатото, од поранешниот систем во поглед на определена категорија луѓе, кои не се согласувале со политиката на тој систем. Со донесувањето на овој закон граѓаните на Република Македонија  кои биле мета на безбедносните служби во државата ќе имаат можност да ги познаваат кодошите кои им нанесле зло. Оттука, јас имам срце, јас имам

душа да го сфатам господинот пратеник Ѓорѓи Котевски, кој во својот говор дојде до еден момент од кој момент не можеше да се извлече од таа трагедија што се случувала, односно од последиците на дејствувањето на СДБ, затоа што се случиле многу трагедии, а ако ние почнуваме да ги набројуваме нив не со денови, туку месец дена, со месеци не би можеле да ја завршиме оваа седница.

Овој закон ќе овозможи после долго време тие кодоши, ако не друго да се црвенат пред своите деца, пред своите пријатели и пред општеството воопшто.

Почитувани колеги, пратеници една народна поговорка вели: "За селото што се гледа не треба калауз". Како такво село го сметам овој закон и не чувствувам потреба повеќе да зборувам, затоа што имам можност како пратеник во ова Собрание да гласам и со задоволство ќе гласам за овој предлог на закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Лутвиу.

Има збор господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, СДСМ и пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи со големо задоволство донесувањето на овој закон, затоа што сметаме дека со донесувањето на овој закон чиниме три многу важни работи за Македонија.

Прво, со неговото донесување ќе се корегираат историските неправди кон некои лица кои што биле жртва на идеолошки терор.

Второ, ќе се види дали постоеле злоупотреби од овој вид во периодот од 1991 година до денес. И,

Трето, овој закон ваков, како што се предлага ќе биде опомена за оние кои денес исто така можеби планираат досиеја од идеолошки причини.

Секако вакви закони во голема мера во земји од Источна Европа, беа донесени многу одамна или во почетокот на 90-тите години.

Овие закони се однесуваат на некој начин на три категории на лица.

Првата категорија, условно кажано, или сосема точно кажано виновници за правењето на таквите работи биле луѓето наречени налогодавци, кои можеби биле убедени дека идеолошко - политичките противници биле во служба на некакви странски сили и имале за цел да ја урнат, според нив, најдобриот систем во кој што тие живееле. Тие остануваат надвор од дометот на овој закон.

Втората категорија виновници биле таканаречените извршител кои што професионално ја обавувале таа дејност или можеби ја злоупотребувале сопствената функција за правење на идеолошки досиеја, кои што собирале информации и ги правеле досиејата врз основа на легалните закони, кои што тогаш постоеле или пак со нивно кршење.

Третата категорија на лица, и таа категорија не е опфатена со овој закон е онаа која што се нарекува соработници на овие служби, кои што исто така биле во некакви четири категории.

Едната биле таканаречени свесни, можеби доброволно соработувале со цел да дадат некакви информации и да искрадат некакви информации заради што еден дел од тие луѓе се нарекуваат информатори, поткажувачи, кодоши, шпиони со различни имиња.

Други кои што тоа го работеле за пари и за материјална корист.

Трети кои што биле злоупотребени во неврзани разговори и споменати во некакви извештаи. И,

Четврта категорија кои што биле под уцена, под закана присилени да соработуваат со службите на политичката коалиција.

Информациите што може да се најдат во тие досиеја, несомнено некој од нив биле точни, некои биле измислени, некои целосно фризирани, некои се направени токму така за да напакостат, да наштетат или всушност да уништат некој човек што немал никаква врска со она за што тие биле обвинувани. Дел од тие лица и дел од овие кои што биле информатори, поткажувачи, кодоши итн. се живи, а дел од нив се мртви.

Целта на Собранието на Република Македонија денес е пред се со донесувањето на овој закон да се осуди праксата на правени досиеја од идеолошки причини еднаш засекогаш.

Второ, со донесувањето на овој закон меѓу другото се прави сепак еден вид на морална рехабилитација на сите оние живи или мртви кои што биле жртви на еден таков идеолошко политички терор, со право на оние што можеби се живи да бараат и други видови можеби оштета од Македонската држава.

Но, истовремено со донесувањето на овој закон и на следниот се оневозможува правење на политичка кариера на лица кои биле практично инволвирани во тој процес, а истовремено со законот се ослободуваат осомничени голем број на луѓе кои неосновано одвреме навреме се обвинуваат дека биле некакви информатори или соработници на странски служби.

0ттаму сметам дека со право со донесувањето на овој закон и на следниот се оневозможува правење на политичка кариера на лица кои биле практично инволвирани во тој процес, а истовремено со законот се ослободуваат осомничен голем број на луѓе кои неосновано одвреме навреме се обидуваат да докажат дека биле некакви информатори или соработници за странски служби.

Оттаму сметам дека донесувањето и на овој и на следниот закон се здрави за политичката иднина на Македонија. Меѓутоа со процесот на нивното применување сметам дека можат да бидат направени и некакви неправди заради што и ние како Собрание во моментот кога сакаме да исправиме една историска неправда не смееме да си дозволиме да направиме нови неправди. Така на пример со овој закон остануваат надвор од овој увид налогодавците и се поставува прашањето што ако тие налогодавци работеле во согласност со тогаш важечките закони и со тогаш важечкиот устав. Може само да се осуди едно време и една пракса од тоа време кое што е веќе минато.

Истото важи и за извршителите кои што биле вработени и ги извршувале тогаш важечките прописи.

Остануваат проблем со работниците, таканаречени информатори. Имињата на некои од нив останале во досиејата, меѓутоа некои исчезнале заради исчезнатите досиеја за кои што се говореше меѓу другото и во Комисијата.

По стапувањето на сила на овој закон ние во Македонија ќе имаме врз основа на Законот две категории на граѓани.

Првите ќе бидат граѓани за кои ќе дознаеме дека биле сметани за идеолошки противници на претходниот режим и за кои се воделе досиеја.

Вторите се оние кои што ќе го добијат епитетот информатори, поткажувачи, кодоши, соработници на Службите за безбедност итн. итн.

Праксата на поткажувањето и идеолошко политички терор е веќе отпишан и осуден во бројни дела од областа на литературата, филмот, поезијата, театарските претстави. Да се сетиме само на делата на Солженицин, на Кол Милош, на Антонин Жупан, Антоние Саповиќ итн. Бројни се примерите во афористичка смисла кои што го исмеваат целиот тој период. Меѓу другото, како што велат и поштарите не не викајте доставувачи, затоа што тоа во речникот на некој луѓе значи нешто друго. Постојат и бројни анегдоти, не би сакал во овој така сериозен чин да раскажувам многу од нив, меѓутоа, една која што мене ми се чини дека добро го илустрира времето кое што работело истовремено против таквите поткажувачи ќе дозволите во оваа прилика да ја кажам.

Еден од полтроните и поткажувачите на Сталин стоел секога пред неговата врата и внимавал што ќе кажат луѓето по разговорот со Сталин. Еден од лутите противници на Сталин генералот Жуков излегувајќи еден ден од кабинетот на Сталин рекол "Лајно со мустаќи". Поткажувачот еднаш влегол кај Сталин и му рекол дека Жуков на излегување бил бесен и лут и го кажал тоа што пред малку го рекол. Сталин веднаш наредил да го вратат Жуков и му рекол дали е точно ова што го кажа мојот прислушкувач си го кажал на излегување. Му рекол да. Го прашал а на кого мислеше, овој рекол на Хитлер. Потоа се свртел кон поткажувачот и го прашал, а ти на кого помисли? Така што дел од поткажувачите завршувале токму на тој начин кај своите претпоставени и не направиле некои големи кариери, меѓутоа, сакам да кажам дека што се однесува со луѓето за кои што биле водени досиеја од идеолошки причини, тоа се сепак луѓе од најразличен вид. Мора да претпоставиме дека меѓу нив има луѓе за кои што биле давани некакви информации, лажни или точни, за соработка со окупаторот. Има луѓе за кои што се правеле политички досиеја заради тоа што биле обвинувани точно или лажно дека ја поддржувале политиката на Сталин кога земјата се наоѓала во опасност од инвазија на Сталин и кои што биле убедени дека Македонија и Југославија треба да бидат всушност Сталинистичка творба и под чизмата на Сталин.

Имало луѓе за кои што се воделе некакви досиеја во времето кога сметале дека Гилас лошо прави со неговиот неврализам, наспроти политиката на Александар Ранковиќ.

Имало луѓе кои што сметале дека 1965 година неправилно се отстранува Александар Ранковиќ од политичкиот врв итн.

За дел од тие луѓе, секако има луѓе за кои што се водени досиеја затоа што некои што давале информации точни или лажни ги сметале дека всушност се заговорници на опасен национализам, сепаратизам и нешто слично и заради тоа се правени некакви досиеја.

Тоа значи дека ќе имаме список на луѓе кои што оправдано или по грешка биле сметани за идеолошки противници на политичкиот режим и кои по своја желба ќе имаат овој пат увид во нивните досиеја и ќе можат да изведат на виделина само оние делови од нивните досиеја, кои што можеби ќе гм претстават како жртви. За да не се случи тоа сметам дека добро би било да постои одредба во Законот, дека секој од нив кој што сака да говори во јавноста за содржината на своето досие ќе треба да го стави на увид на јавноста, целокупното сопствено досие за да ние со сила не произведуваме некакви идеолошко политички жртви. Мислам дека на тој начин всушност ќе ја дознаеме целата вистина во врска со оние за кои што биле водени такви досиеја.

Со оглед на можноста делови од досиејата да бидат бришани, или пак може да се случи овој пат и тоа да не биде гаранција дека всушност со нив нема да биде направена некаква злоупотреба, меѓутоа тоа е во однос на луѓето за кои што се водени досиеја и мислам дека ќе може да се обезбеди еден нормален увид во процедурата што е предвидена.

Што се однесува до втората група на граѓани, за која што реков дека постојат неколку вида, од кои што некои биле таканаречени идеолошки верници тоа го правеле од пасија или од љубов, другите свесно и доброволно соработувале во насока на заштита, вклучително со првите на опасностите за кои што мислеле дека се опасност за системот, трети кои што биле злоупотребени во некои случаи на разговори, без ниту нивно знаење четвртата категорија оние кои што биле уценети под закана, присилени да соработуваат со полицијата, бидејќи тоа бил режим во кој што тоа се сметало исто така за дело против државата.

Тие, по објавувањето на нивните имиња и нивните семејства како што неколкумина пред мене спомнаа ќе добијат јавна етикета на информатори, поткажувачи, кодоши итн. итн.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Независно, како во тоа време, друго е кога се мери со аршините на едно време за однесувањето на луѓето во некое друго време. Меѓутоа, кодоши ќе бидат само оние чии што имиња не се избришани од постојните досиеја. Мораме да имаме предвид една работа. Ако некој досега имал пристап кон таквите досиеја и ако имал можност дел од тие досиеја да уништува, а дел од досиејата што оставиле да избрише нечии имиња, тогаш отворањето на овие досиеја е објавувањето на имињата на одреден број на луѓе, може да биде исто така предмет на политичка злоупотреба или манипулација.

Бидејќи во овој момент само полицијата располага со тие досиеја, независно, сега, претходно и полицијата на СДСМ располагала со истите досиеја, можеме да претпоставиме дека во врска со досиејата се правени некој политички злоупотреби и дека дополнително на виделина ќе излезе само дел од вистината, од онаа вистина што можеби сега, оние што ќе бидат надлежни да ја соопштуваат, ја сметаат за релевантна во сегашниов политички момент. Мислам дека тоа, сепак, остава одреден простор, без никого да сомничиме за одредени политички манипулации и за злоупотреби.

Од таму ако се сеќавате поголем број земји, кога се отвори ова прашање во времето на паѓањето на комунизмот, а тоа беше на почетокот на 90-тите години, тогаш се формираа заеднички комисии на опозицијата и на власта, кои што на некој начин се обидуваа пред јавноста да спречат вид на политички злоупотреби со досиејата, а сепак да се постигне оваа многу важна цел, која што ја имаат и важна мисија, која ја имаме со донесувањето на овие закони.

Од таму, сметам дека е многу важно дека секој граѓанин кој што ќе се покаже дека за него било водено досие, пред се, како што пишува во законот да има право да ја сокрие, прво, содржината за сопственото досие ако тој тоа не сака да биде објавено. Мислам дека тоа право им го должиме на сите оние кои што биле идеолошки или политички жртви од различни причини. Тоа е содржано во законот и сметам дека тоа е во ред.

Меѓутоа, втората работа, за која што исто така, треба да спречиме еден вид на можни политички злоупотреби, тоа е на секој граѓанин чие што име во било кој контекст ќе биде спомнато меѓу редот на оние кои што биле наводно информатори, поткажувачи, кодоши, шпиуни итн., да има право во нормална судска процедура да докажува дека не бил соработник, дека не

давал лажни информации и слично. Заради тие причини, пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ќе предложи само одреден број на амандмани, за да можеме една ваква убава идеја, еден ваков чин кој што и личи на Македонија, еден ваков чин со кој што ние сепак сите колку што имаме, расчистуваме со грдите нешта од минатото, да биде донесена со еден широк национален концензус во Република Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ѓорѓи Спасов.

За збор се јави пратеникот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Имам реплика во однос на претходниот дискутант. Во еден момент, имено, се случи едно имплицитно подметнување. Кажа дека ќе се исправи една историска неправда итн., и дека е тоа поука како за минатиот систем, така и за овој, кој можеби отвора досие. Тоа е имплицитно подметнување, дека можеби и овој систем, односно моменталната актуелна власт дека подметнува односно дека отвора досиеја. Таквото подметнуваше категорички го отфрлам како неосновано.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Сакам само да му одговорам на господинот Глигоровски дека законот што е предложен говори за отвораше на досиејата од 1945 до денес. Не знам дали тој го има ова прочитано. Според тоа, самиот таков временски период остава можност да биле водени некакви досиеја, не само во периодот од стапувањето на власта на коалицијата за промени, туку и во периодот што бил пред неа. Јас реков дека е здраво за Македонија на некој начин да се провери се, дали постоеле во целиот тој период и да започнеме една нова етапа во демократскиот развој на Република Македонија. Не знам зошто тоа би го сметал за инсинуација. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, дозволете ми накратко да се произнесам по однос на предложените, би рекол, во пакет два закони, кои на некој начин ја третираат истата материја или слично. Уште на почетокот само да го потврдам ставот на нашата пратеничка група дека ние го поддржуваме ставот и иницијативата на Владата да се изготви и на Собранието да се поднесе Предлог на закон, со кој ќе се овозможи пристап на лица кон кои е водена некаква евиденција и да може да имаат пристап до тие досиеја. Веднаш да се произнесам дека ја поддржуваме постапката по која тој се донесува и во исто време ќе отвораме некои дилеми, кои цениме дека должат внимание и према кои треба, по наше размислување, Владата да размислува а за што сме поднеле и неколку амандмани како пратеничка група. Најпрво, да го истакнам мојот личен став дека јас ценам, овој закон во суштина треба да исполнува две основни цели.

Првата е да ги отвори досиејата према јавноста, тука зборувам јавноста условно кажано, према лицата кон кои се однесуваат тие досиеја, да имаат пристап до нив слободен, да можат да ги проверат во секој момент и со тоа на некој начин да се надмине досегашната ситуација, да се врати некое достоинство према тие лица и некоја морална сатисфакција, заради последиците кои ги трпеле во минатиот период.

Второ, да се забрани натамошното водење на вакви досиеја, кои согласно законот се воделе од политички, идеолошки или слични причини. И, сега, треба да се даде, според мое убедување, одговор дали содржината на овој закон ги нуди одговорите на двете овие поставени прашања. Според мое убедување за првото делумно дава одговор. Зошто велам делумно, ќе кажам понатаму.

За второто не и тоа за жал не е предмет на третирање на овој закон. Јас намерно се консултирав пред да се впуштам во расправа за ова прашање, дали воопшто има друг акт, почнувајќи од Уставот до сега оваа материја денес што ја третираме, дали воопшто постои правен акт со кој се забранува натамошното водење на досиеја према лица, односно према граѓани на Република Македонија, па водени од побуди какви што имаме во содржината на членот 2 од овој закон. За жал, одговорот е не, а не дава одговор ниту содржината на овој закон, кој сметав и ценам дека требаше да биде предмет на решавање на овој закон.

Тврдам дека селективно дава или делумно дава одговор на првото прашање од причина што во содржината на законот, за што ќе кажам подоцна, има одредени механизми кои го прават селективен

пристапот, ја усложнуваат процедурата, ги кријат неколку податоци, кои можат да бидат многу битни итн. Второ, отвора една дилема која е присутна, поготово во делот на опозицијата. За веродостојноста на содржината на тие досиеја. Кој е гарантот, кој механизам одбранбен постои во законот. Дека граѓаните ќе бидат штитени од можни измени во содржината на тие. Криење од податоците, па и искривување на податоците кои стојат во досиејата. Таков механизам во законот не постои. Треба да се верува само на чесен збор, што не треба да биде пракса во постапувањето по однос на досиејата.

Еден од врвните раководители на Министерството за внатрешни работи, отиде толку далеку, дури да обзнани дека за одделни лидери на политички партии од премиер, до незнам кој, да обзнани дека се водело досие. Па, кој гарантира дека према мене или према било кој од вас тука, немало такви досиеја или има,па ќе се скријат итн. Ценам дека несериозен е пристапот во тој дел и треба сериозно да се размислува дали овој закон или со следен предлог, треба да се даде одговор на овие прашања. Напротив, законот дури индиректно имплицира признавање на постоење на досиеја и ден денеска. Читајте ја содржината на членот 1 и 2, тоа го дава. Патем, членот 2 вели: "Лично досие во смисла на овој закон е самостоен документационен комплет на податоци, оформен и воден за определено лице од политички и идеолошки причини од страна на Службата за државна безбедност, односно Дирекцијата за безбедност, за период од 1941 година до влегувањето на сила на овој закон". Индиректно законот признава дека и ден денеска значи се водат такви досиеја. Да не е така ќе се стави пресек, критичен момент до кога тоа престанало, како што имаме често прилика да чуеме. И од претходниот министер кој беше реконструиран и од актуелниот дека постојано во нивно време нема водење на вакви досиеја, а всушност законот обратното го тврди, односно признава дека до ден денес се водат такви досиеја.

Второ, која е гаранцијата во законот дека во иднина нема да има такви досиеја. Но тоа е тоа. Предлагачот смета дека на овој начин требаше да се постапи. Но, во прилог на подобрување евентуално на содржината на законот, ние намерно ги отвораме дилемите.

Прво, зошто не се дава одговор на прашањето како ќе бидат информирани граѓаните. Ценам дека не е доволен само фактот на усвојување на овој закон и секој сега што има дилеми размислува или воопшто не размислува дека се води досие према него, да биде информиран дека е тоа така. Цениме дека е должност на Министерството за внатрешни работи да ги информира "екс официо" сите лица кон кои се водело такво досие, а нивно е право дали ќе бараат пристап да ги убедат или не, а не да се остави во неразјаснета дилема кон кои граѓани се води такво досие и да имаме евентуално масовен прилив на граѓаните да се јавуваат и да видат, да проверат да видат дали имаат такви досиеја или не. Ако роганот сам по службена должност ќе пристапи, тогаш ќе се знае секој граѓанин, ќе биде информиран. Тие што не се информирани значи према нив нема такви досиеја.

Второ, ценам дека постапката за одговор на барањето за увид дали постои досие према одредена личност е предолга, дури 90 дена. Апсолутно нема никаква потреба органот 90 дена да размислува, да пребарува, да претресува, да увиди дали има евиденција, односно досие према некоја личност. Тоа може експресно, фино и брзо компјутерски да се утврди, многу брзо. Ценам дека во најмала рака 90 дена односно три месеци за одговор на такво прашање, треба. да се намали во најмала рака за 30 дена. 30 дена се комотен период да може органот да му одговори на лицето дали има досие или не кон него.

Второ, цениме дека бес потребно се бришат во содржината на досиејата податоците на лицата, не на службените лица кои согласно правилата за нивната работа, задачите кои ги имале, воделе вакви активности, но за лицата кои доброволно, како што беше тука со право етикетирано како доушници, како шпиуни, како вакви, како такви, биле инволвирани доброволно, без никаква принуда, биле инволвирани во создавањето на ваквите досиеја со давање информации веродостојни или криви за одредени лица. Тие по правило на службата во досието кое ќе биде достапно до граѓаните кон кои се водат такви досиеја, да биде автоматски пристапно и листата на лицата кои се инволвирани, а не по некоја посебна постапка и посебна процедура, по посебно барање, тоа прашање дури и да се оневозможи.

Трето, ценам дека во членот 17 во секој случај, треба да се вклучи во најмала рака во комисијата, која ќе ја следи постапката по досиејата, да биде инволвирана Владата, односно таа комисија да биде составена односно избрана, односно

именувана од страна на Владата на Република Македонија, а не исклучиво од лица од Министерството за внатрешни работи. Со тоа ќе се обезбеди поголема транспарентност, ќе се обезбедува поголема контрола и што е најбитно инволвираност на повеќе политички субјекти кон постапката за ова прашање. Ако се остави само тоа да се состави таа комисија во рамките на Министерството за внатрешни работи, бидете убедени дека постапката не гарантира доволна транспарентност, коректност и постапување согласно законот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Трајко Гешоски и нека се припреми Мерсел Биљали.

**ТРАЈКО ГЕШОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувана членка на Влада, почитувани колеги пратеници, за донесување на овој закон за постапување со досиејата се чекаше 10 години, иако знаеме дека сите земји на транзиција во Источна Европа, овој закон го донесоа после почетокот на нивната транзиција за една до две години. Додека кај нас се чекаше скоро 10 години и оваа Влада, покрај многуте реформски закони, еве, пред Собранието презентираа уште еден закон, односно Закон за постапување со досиејата од Службата за државна безбедност.

Со донесувањето на овој закон ќе им се овозможи на многу наши граѓани, на многу наши луѓе, кои што во еден период од 50 години од 1945 година наваму, беа прогонувани, малтретирани, затворани, па и убивани, да дојдат до своето досие, да ги видат причините и мотивите и од кого биле поткажувани. Овдека се сложувам со изјавите на многу колеги пратеници, кои што инсистираат во предлогот за бришење на името на поткажувачите, информаторите или кодошите како и на многу имиња на тие, да не им се маскираат нивните имиња, туку да бидат достапни на овие носители на досиеја.

Во името на Пратеничката група на Демократска алтернатива овој закон ќе го подржиме и ќе гласаме за да оди по кратка постапка. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот.

И, последниот пратеник кој се јави за збор е Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, ние сега тука расправаме и доста убедливо звучиме пред јавноста дека навистина сакаме да направиме нешто многу важно во однос на состојбите кои припаѓаат на едно време, односно едноумието, минатово време итн. Дури, тоа жестоко го осудуваме и тоа мислам дека со право и заслужува да се осудува. Меѓутоа, поставуваме едно многу круцијално прашање и важно прашање. Тоа прашање е зошто ние досега, а и сега не донесуваме закон, кој ќе ја забрани оваа дејност односно водење на досиеја. Од причини што од повеќе изјави кажано, па и од пишувања, од кулоарни кажувања изгледа дека, сепак, досиејата, политичките досиеја и ден денеска постојат и се врши евиденција, односно се собираат информации за одделни луѓе од првенствено политички и идеолошки причини. Значи, иако Уставот е многу дециден и јасен во корпусот на заштитата на личноста, индивидуата, сеуште ние, без оглед на тоа што расправаме за оваа материја, не сме донеле закон, со кој ќе се забранува изрично од органите, од службите, сегашната Дирекција за безбедност и контраразузнавање и другите служби кои се во рамките на Министерството за одбрана и Агенцијата за разузнавање. Значи, немаме сеуште правна регулатива, со која ќе се забранува водење на досиеја за одделни лица од политички и идеолошки причини. Поинаку, го поддржувам предлогот вака во начело, ако се прифаќаат амандманите кои нашата пратеничка група ги предлага се со цел да се зајакнат механизмите на контролата и објективноста врз ова прашање, поинаку вака гледано текстот мислам дека има една голема контрадикторност. Тоа е во однос на членот 2, кој предвидува односно цитира што се смета лично досие и кажува дека тоа е една комплетна документација каде постојат податоци, евиденции оформени во обем од политички и идеолошки причини, воден од страна на бившата Служба за државна безбедност, односно сегашната Служба која се вика Дирекција за безбедност и контраразузнавање.

**МЕРСЕЉ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Предвидува дека досието кое е евидентирано од 1945 год. до денес, што претпоставува можност да се помисли дека, сепак, и после 1991 година, што е уредено со членот 3, се воделе, или се претпоставува дека се воделе такви досиеја. Значи, за разлика од членот 2 кој предвидува дека можат да се доставаат на увид досиејата кои се воделе од 1945 до денес, членот 3 има поинаква формулација и предвидува дека секое лице кое смета

дека за него е водено досие од 1945 до 1991 година, од страна на СДБ или пак терминолошки многу чудно, Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање во 1991 година воопшто не постоеше ваква каква што е дефинирана со законот. Значи ние тука имаме контрадикторност во однос на тоа како би требало да се пристапи по ова многу чувствително прашање. Значи, претпоставката во однос на членот 2, односно членот 3, постои претпоставка дека досиејата не се воделе после 1991 година, а таа формулација се дерогира под членот 2 кој предвидува дека таква можност постоела и постои, бидејќи лицето кое смета дека е водено досие против него може до денешен ден да побара да се достави на увид таквото досие.

Инаку луѓето се малку скептични по однос на ова прашање од самиот факт што веќе и од некои важни сегменти на МВР беше кажано дека голем број од досиејата не постојат, односно се уништени.

Јас искрено предлагам да се формира една компетентна професионална група во Собранието која ќе испита дали навистина овие досиеја се уништени, каде се тие досиеја и кој ги уништил. Многу е важно за тоа да се информира Собранието. Поинаку мислам дека ќе оставиме сомнеж кај граѓаните дека и ова прашање и ова што се прави сега, се прави од политичко - идеолошки причини.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во својата дискусија г-динот Љубомир Поповски постави неколку прашања до министерот за внатрешни работи. Затоа го молам министерот г-ѓа Доста Димовска ако сака да одговори на поставени прашања.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас не би се осврнала само на дискусијата на пратеникот Поповски, на повеќето дискусии и мислења што тука беа искажани.

Навистина е задоволство да се слушне тоа дека сите пратенички групи во основа го поддржуваат донесувањето на еден ваков закон кој ќе значи прекинување со една недемократска пракса која што беше карактеристична, пред се, за еднопартискиот систем.

Тука беше поставено прашањето дали денес се водат политички досиеја од политичко идеолошки причини.

Јас можам најодговорно да кажам дека со стапувањето на должност иако министер за внатрешни работи нема. Коментарите околу датите што се дадени и периодите за контрола или вклучување во процедура за барање дали граѓанинот има лично досие во МВР, водено од поранешната служба за државна безбедност или во ДБК, рокот е проширен да се подложиме и ние на контрола. Ако го скратевме рокот само до доаѓањето на власт до 1 ноември 1998 година, тогаш забелешките ќе беа дека ние се амнестираме од контрола. Затоа е проширен рокот до ден денес.

Прашањата околу тоа дали треба со посебен закон да се регулира прашањето за непостоење и не водење на политички досиеја од страна на МВР и на органите за безбедност во нашата држава, е регулирано со Уставот и мислам дека потреба од носење на таков закон нема.

Ако пратениците оценат можат во иднина да дадат таков предлог.

Што се однесува до примената на техничките средства на прислушкувањето, тоа е забрането со нашиот Устав и факт е дека тоа многу ја отежнува работата на МВР посебно во борба против криминалот. Така што во тек е поднесување на иницијатива за измена на Уставот во тој дел и донесување на закон за прислушкување, во борба против криминалот, примена на тие средства и методи од страна на МВР. Со тој закон фактички точно ќе се прецизира во кој случај ќе може припадниците на службите на МВР да применуваат вакви техники и методи. Значи целта на законот е да стави крај на една таква негативна пракса што беше својствена за минатото.

Самиот чин на донесување на законот ќе значи многу за самите кадри во МВР. Ќе претставува една опомена за сите припадници, посебно во таа структура која порано ја сочинуваше Службата за државна безбедност, а денес ДБК.

Ние како Влада и јас посебно како министер за внатрешни работи ќе настојуваме во голема мера да ги почитуваме уставните принципи и да придонесеме, со нашата работа, исто така и со законската регулатива за демократизација на нашата држава. Мислам, како што реков, задоволство беше да се слушне тоа дека најголем дел од пратениците ги поддржуваат тие напори.

Што се однесува до самата постапка што е регулирана во законот за контрола на самата процедура од околу отворањето на личните досиеја, во третото подглавје таа процедура е опишана и ќе треба да се формира една комисија од страна на Собранието. Ние како МВР не сакавме да се мешаме во составот.

Исто така надлежностите произлегуваат од третото подглавје. Но, пратениците, посебно опозицијата имаат дадено корисни амандмани кои ќе значат допрецизирање на текстот, истовремено допрецизирање на ова прашање. До колку пратениците од опозицијата сакаат во поголем дел, или паритетно да бидат вклучени во таа комисија што ќе ја контролира постапката, јас немам против. Мислам дека тоа ќе придонесе за довербата на целата процедура. Инаку идеален закон нема. Факт е дека и многу пост социјалистички држави кои донесоа такви закони се најдоа на мака како да го решат овој проблем. Но, мислам дека обврска за нас е пред идните генерации да го расчистиме ова прашање и никогаш повеќе да не се повтори тоа што се случуваше, туку да се воведе една сосема поинаква пракса на работа.

Што се однесува до прашањето околу дефиниција на поимот идеолошко и политичко, ми се чини дека пратеникот Ѓорѓи Спасов многу добро го објасни тој поим, како мотив, како причина за водење на досиејата во минатото.

Очекувам дека при предлагањето на амандманите ќе можеме повторно да се вклучиме и мислам дека голем дел од амандманите, посебно од опозицијата ќе бидат прифатени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-ѓата министер.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за постапување со досиејата за лица, водени од Службата за државна безбедност.

Молам да гласаме.

Присутни 85 пратеници. Гласале 78, сите за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот. Молам да гласаме.

Од вкупно 84 пратеници, 77 гласале, од кои 72 гласале за, тројца воздржани и двајца против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 4 став 1, член 5 став 3, член 8 став 2, член 9, член 10 , член 13 став 1, член 14 став 1, и на член 20 алинеја 1.

Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање поднесе амандмани на членовите 1 и 2, член 6 став 1, член 9, член 13 став 1 и 2, член 15, член 16 став 1, член 17 став 1, и на член 21.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 5 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Поповски, Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Ѓорѓи Спасов поднесоа амандмани на член 11 за додавање на нов став 3 по став и на член 14 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Насер Зибери, Абдулади Вејсели, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Исмет Рамадани и Мерсел Биљали поднесоа амандмани за менување на член 9, член 9, член 11 став 1, и на член 17 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Даневски, Љатиф Пајковски и Стојан Андов поднесоа амандман на член 11 став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членовите 1 и 2 поднесени од Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдулади Вејсели, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Исмет Рамадани и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Амандманот се однесува на известувањето на сите лица во периодот од 1945 до 1991 година, кои имаат државјанство на поранешна СФРЈ, а биле по потекло од РМ, иако се водени досиеја, едноставно да си достави од самото министерство за внатрешни работи известување.

Мислам дека индивидуално право на секој граѓанин е да побара известување дали имало лично досие за него, дали службата водела досие или не. Можеби некој не сака такво известување, а факт е дека ова во голема мерка и ќе го обремени МВР со огромно администрирање, така што оставаме така како што е решено во законот, да биде тоа индивидуално право на секој граѓанин да побара известување. Значи останува решението како што е во Законот.

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од 91 присутни гласале 86 пратеници, за гласале 28 пратеници, воздржани 14 и против 44.

Овој амандман не доби поддршка од Собранието.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдулади Вејсели, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Исмет Рамадани и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдулади Вејсели, Оломан Сулејмани, Исмет Рамадани и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Внимателно го слушав пратеникот кој е еден од предлагачите на амандманот.

Во член не е прецизирано дека во рок од 90 дена треба да се даде известувањето, туку најдолго 90 дена. Значи, може и во рок од 3 дена, може и во рок од 6 дена. Факт е дека откако ќе се донесе законот, Министерството ќе биде преплавено од барања за информации дали за граѓаните се воделе лични досиеја, затоа е малку продолжен рокот, за да може Министерството да одговори на сите кои поднеле барање. Инаку, рокот може да биде и 30 дена, така што би ги замолиле пратениците за разбирање, бидејќи фактички се работи з недоразбирање. Рокот не е утврден на 90 дена, туку може да биде многу пократок, во зависност од можностите на МВР.

Значи, амандманот не го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали предлагачите на амандманот, после ваквото образложение на министерот остануваат и понатаму?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не се работи за никакво недоразбирање. Одредбата е многу јасна. Органот, се разбира дека може и пред тој рок, но да не може после 30 дена. Тоа е суштината.

Со оваа одредба создавате можност дури 90 дена да не одговорите. Во тоа е проблемот. А, се на се, има една година важност на траењето на законот. Нелогично е 90 дена да не може органот да одговори на барањето. Триесет дена е сосема доволно и нема друга никаква причина, освен ако не треба да се преработи досието, па да се одложи тој рок до 90 дена.

Затоа цениме дека е сосема доволен, ако не е предоволен предлогот 30 дена од поднесувањето на барањето, органот да одговори, има или нема.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Ги разбирам аргументите на пратеникот, но се работи за тоа што веднаш по донесувањето на законот буквално ќе бидеме преплавен и со барања. Тогаш ќе дојдат критики дека Министерството не одговори на барањето во тој и тој рок. Затоа дадовме малку подолг рок.

Но, ако оценетите дека е навистина предолг рокот, можеме да одиме со краен рок од 60 дена, да го скратиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, амандманот го ставам на гласање. (Реакции во салата).

Господо пратеници, сега веќе амандманот има друга содржина.

Вие, се согласивте со предлогот на министерот, меѓутоа треба да се пристапи кон подготвување на истиот.

Господо, дали сме подготвени да направиме некој преседан?

Ги прашувам предлагачите.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се согласуваме со ставот на министерот, тоа што беше изнесено.

Но, во прашање е сега формата.

Ако е доволно ова што сега усно прифаќаме, во ред. ако не, дајте ни простор да го поднесеме?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега да ја замениме техниката на работа.

Треба ова да го прифатиме, а техничката служба нека го изготви, ние ќе го прифатиме, ќе завршиме работа....

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Пред усвојувањето, ќе го доставиме во писмена форма.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, со оглед на изменетиот состав, да сметаме дека постои писмен предлог и нека се изготви, предлагачите нека го потпишат, така што ваквиот амандман ќе биде составен дел на текстот на законот, бидејќи претставникот на Владата го прифати.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 1 поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдулади Вејсели, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Исмет Рамадани и Мерсел Биљали..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, бидејќи претставникот на Владата не го прифаќа амандманот?

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 92 пратеници, констатирам дека гласале 89, 'за" гласале 21, "воздржани" 10 и 58 "против".

Констатирам дека овој амандман не е прифатен. Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од пратениците Љатиф Пајкоски, Слободан Даневски и Стојан Андов.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, бидејќи претставникот на Владата не го прифаќа амандманот?

За збор се јави господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ние го поднесовме овој амандман затоа што во самата расправа од многу пратеници, на многу пратенички групи се доведе до сомнение, така што и многу контрадикторно би дошло, затоа што го делиме овој период и самиот амандман што е во членот 11, го делиме на два периода, на периодот до донесување на Уставот на РМ и по Уставот на РМ.

Предлагаме МВР пред "да дозволи пристапи и увид во личното досие", да се додадат зборовите "и досието е водено до 17 ноември 1991 година". Тоа значи дека нема никаква амнестија за овој период откога се водени досиејата од донесувањето на Уставот на РМ.

Знаеме дека во овој друг период владееле други прописи и други закони и Македонија се наоѓаше во друга положба како држава. Во тој дел не ги амнестираме, туку ги амнестираме оние од 1991 година кој се инволвирани во правење на досиеја. Тие со тоа го кршеле законот и и ги кршеле човековите права.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 92 пратеници, гласале 80, за "гласале 19, 'воздржани" 13 и 48 "против".

Констатирам дека овој амандман не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање на став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Никола Поповски, Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Ѓорѓи Спасов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 1 поднесен од Законодавно правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 1 и 2 поднесени од Комисијата за надзор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 1 поднесени од Законодавно - правната комисијата.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 3 поднесени од пратениците Никола Поповски, Љубомир Поповски, Александар Гештаковски Ѓорѓи Спасов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 15, поднесен од Комисијата за надзор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 16, став 1 поднесени од Комисијата за надзор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 17, став 1 поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдулаи Вејсели, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Исмет Рамадани и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2 поднесени од Комисијата за надзор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 20, алинеја 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од Комисијата за надзор на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Повереникот на Владата се согласил со предложениот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сакам да укажам, додека не сте го заклучиле претресот, да почекаме една минута да дојде амандманот во писмена форма, со кој што се согласи претставникот на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Давам пауза од пет минути.

(По паузата седницата продолжи со работа).

Продолжуваме со работа.

Колеги пратеници, пратеникот Насер Зибери поднесе амандман на член 9, по кој Владата не се произнела по однос на скратување на рокот на траење од 90 на 60 дена.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали го прифаќа амандманот.

Има збор министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поднесениот амандман го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што претставникот на Владата се согласил, овој амандман се смета како составен дел на текстот на предложениот закон.

Бидејќи никој друг не бара збор по текстот на предложениот закон, ве молам да пристапиме кон гласањето.

Ве молам, вклучете го системот за гласање.

Од присутни 99 пратеници, гласале 98 пратеници и сите 98 пратеници гласале "за".

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Закон за постапување со досиејата за лица водени од Службата за државна безбедност.

Колеги пратеници, дозволете, дали има согласност да продолжиме или во овој момент да ја прекинеме седницата?

Со оглед дека мнозинството инсистира да ја прекинам седницата, констатирам дека седницата ја прекинувам, а продолжението ќе биде закажано по писмен пат.

(Седницата прекина со работа 17,50 часот).